СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 12 февруари 1973
Скопје
Број 5 Год. XXIX

Претплатата за 1973 година изнесува 150 динари. Овој број чини 4 динари. Жиро сметка бр. 401-1-16

29.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ СПРЕМА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Се прогласува Законот за преземање привремени мерки спрема организациите на здружен труд,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година.

Број 03-380
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ СПРЕМА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Член 1

Со овој закон се утврдуваат привремените мерки што се преземаат спрема организациите на здружен труд како и основите, условите и постапката за нивното преземање.

Член 2

Спрема организација на здружен труд може да се преземат посебни привремени мерки ако:

1. дојде до нарушување на остварувањето на самоуправните права на работниците.
2. не ги исполнува своите обврски утврдени со закон,
3. со своето работење потешко ги оштети општествените интереси,
4. со своето работење го доведе во сериозна опасност вршењето на функцијата што е од посебен општествен интерес.

Член 3

Како организација на здружен труд, во смисла на овој закон, се сметаат основните организации на здружен труд и работните организации.

Член 4

Привремените мерки се преземаат со цел во организациите на здружен труд што поитно да се отстранат причините поради кои тие биле преземени и да им се овозможи на работните луѓе остварување на самоуправувањето во организацијата на здружен труд во согласност со Уставот, закон и статутот на организацијата.

Член 5

Спрема организација на здружен труд можат да се преземат следните привремени мерки: суспензија на индивидуалниот извршен орган, разрешување на колегијалниот извршен орган, распуштање на органот на управување и распишување на избори за нов (во натамошен текст: работнички совет) и привремена управа.

Член 6

Индивидуален извршен орган на организација на здружен труд се суспендира од организацијата ако:

1. со својата работа потешко ги повреди прописите што се однесуваат на работата на организацијата на здружен труд или на неговата одговорност, статутот или другите општи акти на организацијата на здружен труд,
2. неосновано одбива да ги изврши законските одлуки на работничкиот совет и колегијалниот извршен орган на организацијата или постапува спротивно на тие одлуки,
3. со својата работа ѝ нанесе поголема штета ~~штета~~ на организацијата на здружен труд или ако поради таквата работа можела да настане таква штета,
4. заради невршење или немарно вршење на должноста организацијата на здружен труд не може да ги извршува своите основни задачи или извршувањето на тие задачи е отежнато.

Суспензијата трае до донесувањето на конечна одлука во постапката што е започната по повод на суспензијата.

Член 7

Колегијалниот извршен орган на организација на здружен труд се разрешува ако:

1. со својата работа потешко ги повреди прописите, статутот и другите општи акти на организацијата на здружен труд,
2. не ги извршува одлуките на работничкиот совет или постапува спротивно на тие одлуки,
3. со својата работа ѝ нанесе поголема штета на организацијата на здружен труд или ако поради таквата работа можела да настане таква штета.

Член 8

Работничкиот совет на организација на здружен труд се распушта и се распишуваат избори за нов работнички совет ако:

1. не ги врши своите функции или тоа го прави спротивно на прописите, статутот и другите општи акти на организацијата на здружен труд,
2. не спроведе реизбор на директор или онемозможува спроведување на реизбор на другиот раководен кадар на организацијата на здружен труд, во рокот утврден со нејзиниот општ акт, а во согласност со законот,
3. донесува акти со кои им се нанесува штета на работните луѓе, организацијата на здружен труд, општествената заедница и на трети лица.

Член 9

Привремена управа спрема организација на здружен труд, се презема ако:

1. својата дејност не ја врши во согласност со закон и со тоа потешко ги оштети општествените интереси или го доведе во сериозна опасност вршењето на функцијата која е од посебен општествен интерес,

2. не ги извршува или се доведе во состојба да не може да ги извршува обврските пропишани со закон (придонеси, данаци, такси и други законски давачки),

3. со својата работа се доведе во состојба која може да доведе до стечај,

4. во вршењето на дејноста од посебен општествен интерес ги занемарува со закон утврдените права и интереси на граѓаните и другите корисници,

5. не ги извршува правосилните судски одлуки и одлуките на органот на управата,

6. не ги извршува обврските што произлегуваат од општествените договори и самоуправните спогодби,

7. заради нездрави внатрешни односи се онемозможува остварувањето на самоуправните права на работните луѓе,

8. неосновано го онемозможува конституирањето на основните организации на здружен труд,

9. во рокот определен со закон не донесе статут и други општи акти,

10. не установи работнички совет и колегијален односно индивидуален извршен орган на организацијата на здружен труд во согласност со законот и својот статут,

11. не ги преземе привремените мерки од член 6, 7 и 8 на овој закон, кога за тоа се исполнети условите.

Член 10

Иницијатива за преземање на привремена мерка спрема организацијата на здружен труд може да покрене: синдикалната организација, собирот на работните луѓе на организацијата на здружен труд, една третина од запослените во организацијата на здружен труд, Службата на општественото книговодство, основачот на организацијата на здружен труд, надлежниот орган на собранието на општината и други заинтересирани органи и организации и доверители.

Член 11

Пред донесувањето на одлуката за преземање на привремена мерка се спроведува постапка, со која се утврдува дали се исполнети законските услови за преземање на привремената мерка.

Член 12

Привремените мерки од член 6, 7 и 8 на овој закон ги презема работничкиот совет односно работната заедница на организацијата на здружен труд по постапка и начин утврдени со општ акт на организацијата.

Привремената мерка од член 9 на овој закон ја презема собранието на општината на чие подрачје е седиштето на организацијата на здружен труд.

Ако организацијата на здружен труд врши работи од посебно значење за Републиката, привремената мерка од претходниот став ја презема Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Член 13

Пред преземањето на привремената мерка привремена управа, собранието на општината односно Извршниот совет или органот што ќе го овластат им укажува на работничкиот совет и на работната заедница на организацијата на здружен труд во определен рок да ги отстранат причините поради кои можат да бидат преземени мерките од член 6, 7 и 8 на овој закон.

Ако работничкиот совет во определениот рок не ги отстрани причините од претходниот став, собранието на општината односно Извршниот совет свикува собир на работните луѓе на организацијата на здружен труд.

Доколку и по собирот на работните луѓе не се отстранат причините од став 1 на овој член, собранието на општината односно Извршниот совет донесува одлука за воведување на привремена управа.

Член 14

Одлуката за воведување на привремена управа собранието на општината ја донесува на седница.

Истовремено со донесувањето на одлуката од претходниот став се донесува и програма за отстранување на причините поради кои е воведена привремената управа.

Член 15

Привремените мерки од овој закон спрема основните организации на здружен труд без својство на правно лице, ги преземаат органите на управувањето утврдени со самоуправната спогодба за здружување односно статутот на работната организација, под условите утврдени со овој закон.

Ако органите на управувањето од претходниот став не ја преземат соодветната мерка спрема основната организација, таа мерка ќе ја преземат органите од член 12 на овој закон.

Член 16

Одлуката за привремената мерка привремена управа е управен акт и е конечен во управната постапка.

Одлуката за преземање на привремената мерка привремена управа се запишува во регистарот на организациите на здружен труд.

Член 17

Правата и должностите на привремената управа ги врши одбор за привремена управа или привремен управник (во натамошниот текст: орган на привремената управа) што го именува органот што ја донесува одлуката за воведување на привремена управа.

Одборот за привремена управа се именува од претставници на организацијата на здружен труд, органот што ја донесува одлуката за воведување на привремена управа и заинтересираните органи и организации.

Одборот на привремената управа избира претседател.

Член 18

Организацијата на здружен труд под привремена управа ја застапува привремениот управник односно претседателот на одборот на привремената управа.

Член 19

Правата и должностите на органот на привремената управа се утврдуваат со актот за воведување на привремената управа и со програмата за отстранување на причините.

Член 20

Со денот на донесувањето на одлуката за воведување на привремена управа им престанува мандатот на членовите на работничкиот совет и колегијалните извршни органи, индивидуалниот извршен орган на организацијата на здружен труд се разрешува од должноста, а управувањето со неа го презема органот на привремената управа.

Со одлуката за воведување на привремена управа можат да се ограничат овластувањата на органот на привремената управа и да се утврди одделни одлуки да ги донесува по прибавеното мислење од собирите на работните луѓе на организацијата на здружен труд.

Член 21

Стручни органи на организацијата на здружениот труд (наставнички, научен или уметнички совет и сл.), кои врз основа на закон и статутот на организацијата на здружен труд вршат определени функции на управување, органот на привремената управа може да одлучи да продолжат да ги вршат тие функции или овие функции да ги вршат во согласност со органот на привремената управа.

Член 22

Привремената управа трае до отстранувањето на причините поради кои е воведена, но не подолго од една година.

По исклучок, привремената управа може да се продолжи најмногу за уште една година.

Член 23

Собранието на општината, откако ќе утврди дека се отстранети причините поради кои е воведена привремената управа, а по предлог од органот на привремената управа, распишува избори за членови на работничкиот совет и конкурс за индивидуалниот извршен орган на организацијата на здружен труд.

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

30.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДНОСИТЕ НА РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за односите на родителите и децата,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година.

Број 03-381
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ЗАКОН

ЗА ОДНОСИТЕ НА РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Заради подигање на децата и нивното оспособување за живот за да станат корисни и свесни граѓани на општествената заедница, како и заради зацврстување на семејството, родителите имаат права и должности да се грижат за личноста, за правата и за интересите на своите малолетни деца.

Член 2

Мајката и таткото имаат еднакви права и должности спрема детето.

Член 3

Родителите спрема децата родени во брак или надвор од бракот имаат исти права и должности.

Децата родени во брак или надвор од бракот спрема родителите имаат исти права и должности.

Член 4

Утврдувањето на родителството е дозволено под условите предвидени со овој закон.

Член 5

Општествената заедница им дава заштита на малолетните деца секогаш кога тоа го бараат интересите на децата.

II. ЗАСНОВАЊЕ НА ОДНОСИ РОДИТЕЛИ И ДЕЦА

Член 6

Мајчинството се заснова со раѓањето на детето.

Мајчинството на детето, запишано во матичната книга на родените, може да биде оспорено во рок од шест месеци од денот на дознавањето за раѓањето на детето.

Право на тужба за оспорување и утврдување на мајчинството има детето, жената запишана како мајка во матичната книга на родените, нејзиниот сопруг, жената која смета дека е мајка на детето и нејзиниот сопруг кој смета дека детето е родено од неговата сопруга.

Член 7

Сопругот на мајката се смета за татко на детето родено за време на траењето на бракот или во рок од триста дена по престанокот на бракот.

Член 8

Детето родено надвор од брак се смета дека е родено во брак кога неговите родители ќе склучат меѓусебно брак.

Доколку родителите на детето родено надвор од брак имале намера да стапат во брак, а биле спречени со смртта на едниот од нив, судот по барање на другиот родител или на детето во вонпроцесна постапка ќе прогласи дека детето е родено во брак, доколку родителите биле спречени во таа намера со некоја брачна пречка, која настанала по зачнувањето на детето, прогласувањето дека детето е родено во брак ќе може да го бара еден од родителите или детето.

Член 9

За татко на детето родено надвор од брак се смета лицето кое ќе го признае за свое пред матичар или со заверен писмен документ или во тестамент.

Признавањето од претходниот став се запишува во матичната книга на родените само ако со тоа се согласи мајката на детето, која ќе биде известена за тоа од матичарот.

Ако мајката не се согласи со признавањето или ако не се изјасни во рок од триесет дена по приемот на известувањето, лицето кое го признало детето за свое може да поднесе тужба до судот заради утврдување дека е тој татко на детето. Тужба може да се поднесе во рок од шест месеци по приемот на известувањето за несогласувањето на мајката.

Кога мајката не е жива или е исчезната, изјавата ја дава старателот на детето со одобрение на органот за старателство.

Член 10

Ако татковството на детето родено надвор од брак не е признато, татковството може да биде утврдено со одлука на судот.

Член 11

Тужба заради утврдување на татковството на дете родено надвор од брак може да поднесе мајката во рок од три години по раѓањето на детето, односно старателот со одобрение на надлежниот орган за старателство во рок од три години од денот на ставање на детето под старателство и детето во рок од три години по навршеното полнолетство.

Член 12

За татко на детето, родено надвор од брак, ќе се смета лицето кое со мајката на детето имало полови односи во времето од најмалку 180 до најмногу 300 дена пред раѓањето на детето, доколку спротивно не се докаже.

При утврдувањето на татковството судот особено ги зема предвид и заедничкиот живот и меѓусебните односи на мајката на детето и на тужениот пред раѓањето на детето, како и други докази кои укажуваат дека тужениот му е татко на детето.

Член 13

Сопругот може да го оспорува татковството на детето што го родила неговата жена во бракот. или пред истекот на триста дена од престанокот на бракот, ако смета дека не му е татко.

Тужбата за оспорување на татковството се поднесува во рок од шест месеци од денот на дознавањето на раѓањето.

Член 14

Ако по истекот на рокот за поднесување на тужба од претходниот член, се откријат несомнени докази дека сопругот не е татко на детето што го родила неговата сопруга, на негово барање Врховниот суд на Македонија може да одлучи рокот за оспорување на татковството да се продолжи.

Барањето од претходниот став не може да се поднесе по полнолетството на детето.

Член 15

Мајката може да го оспорува татковството на лицето кое според овој закон се смета за татко на нејзиното дете.

Тужбата од претходниот став се поднесува во рок од шест месеци од раѓањето на детето.

Член 16

Детето може со тужба да оспорува дека му е татко лицето, кое според овој закон се смета за негов татко најдоцна три години по полнолетството.

Член 17

Детето тужбата за оспорување на татковството ја поднесува против лицето кое според овој закон се смета за негов татко и мајката, а ако мајката не е жива само против тоа лице. Доколку и тоа лице не е живо — против старателот определен од органот за старателството.

Мајката тужбата за оспорување на татковството ја поднесува против мажот и детето, а ако мажот не е жив — против детето.

Детето тужбата за оспорување на татковството ја поднесува против мажот на својата мајка и мајката, а ако мајката не е жива против мажот на својата мајка. Доколку и мажот на мајката не е жив — против старателот определен од органот за старателство.

Член 18

Оспорување на татковство не е дозволено кога мајката, со писмена согласност на нејзиниот сопруг е оплодена со вештачка инсеминација.

Член 19

Татковството не може да се оспорува по смртта на детето.

Член 20

Ако сопругот на мајката е лишен од деловна способност или ако ја изгубил деловната способност пред истекот на рокот за оспорување на татковството, татковството може да го оспорува неговиот старател со одобрение на органот за старателство и тоа во рок од шест месеци од денот кога дознал за раѓањето на детето.

Член 21

Законските наследници на таткото, на мајката и на детето немаат право да поднесуваат тужба за оспорување на татковството, но тие можат да ја продолжат тужбата поднесена од нив.

Член 22

Признатото татковство не може да биде оспорено.

Член 23

Лице кое го признало детето за свое може да бара поништување на признавањето на татковството во рок од една година од денот на признавањето поради недостаток во изјавената волја. Доколку изјавата е дадена под принуда, рокот за поништување тече од денот на престанокот на принудата.

Правото на поништување на признавањето на татковството во истиот рок ѝ припаѓа и на мајката на детето, ако својата согласност ја дала под околностите предвидени во претходниот став.

Член 24

Детето, кое е признато за свое пред навршувањето на полнолетството, може да бара по полнолетството да се поништн признавањето на татковството ако лицето кое го признало за свое не е негов татко.

Тужбата се поднесува против лицето кое го признало, како и против мајката, а ако мајката не е жива само против лицето кое го признало за свое, откако детето ќе стане полнолетно но најдоцна до три години по полнолетството.

III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА И НА БЛИСКИТЕ РОДНИНИ

Член 25

Родителите се должни да се грижат за животот и за здравјето на своите деца.

Тие се должни да ги воспитуваат своите деца во духот на преданост спрема татковината и да ги подготвуваат за корисни членови на општеството.

Родителите се должни според своите можности да се грижат за школувањето и за стручното образование на своите деца, водејќи сметка за нивните способности, склоности и желби.

Член 26

Ако родителите не живеат заедно, тие ќе се спогодат кај кого ќе живее детето.

Во случај родителите да не се спогодат, решение за тоа ќе поднесе надлежниот орган за старателство, земајќи ги предвид и желбите на детето, ако тоа навршило 10 години.

Член 27

Малолетните деца ги застапуваат родителите.

Поднесоците и изјавите за малолетното дете се доставуваат на едниот или на другиот родител, а ако родителите не живеат заедно, тогаш на родителот кај кого што живее детето.

Член 28

Малолетните деца можат да имаат свој имот, што го стекнуваат по пат на наследство, подарок или по друг основ.

Со имотот на детето до неговото полнолетство управуваат родителите.

Ако родителите не живеат заедно, со имотот на детето управува родителот со кого детето живее заедно, ако органот за старателство, на предлог на другиот родител, не одлучи поинаку.

Член 29

Приходите од имотот на своето дете родителите можат да ги употребуваат првенствено за неговото издржување, воспитување и образование, како и за неопходните потреби на семејната заедница, доколку сами немаат доволно сопствени средства.

Родителите можат со одобрение на надлежниот орган за старателство да го отуѓат или оптоварат имотот на своето дете заради неговото издржување, воспитување и образование, или ако тоа го бараат некои други негови интереси, како и кога тоа го бараат неопходните потреби на семејната заедница.

Член 30

Детето што остварува личен доход од работен однос, може самостојно да располага со доходот. Ако детето живее со своите родители тоа е должно да придонесува и за издршката на семејната заедница.

Член 31

Родителите се должни да ги издржуваат своите деца, а децата се должни да ги издржуваат своите родители.

Обврската за издржување постои и меѓу другите роднини во права линија, како и меѓу браќа и сестри во поглед на издржувањето на малолетните браќа и сестри.

Родителот, кој е лишен од родителско право, не се ослободува од должноста за издржување на детето.

Член 32

Таткото на детето родено надвор од брак е должен, сразмерно со своите можности, да учествува и во трошоците предизвикани со бременоста и породувањето, како и во трошоците за издржување на мајката за време од три месеци пред породувањето и една година по породувањето.

Член 33

Очувот и мајката се должни да ги издржуваат своите малолетни пасиноци, освен ако овие имаат роднина кој е должен да ги издржува и ако за тоа има можност.

Пасиноците се должни да го издржуваат својот очув и мајка, ако тие подолго ги издржувале и се грижеле за нив. Ако очувот и мајката имаат родени деца, оваа обврска на пасиноците е заедничка со тие деца.

Член 34

Освен случаите за обврската на родителите да ги издржуваат своите малолетни деца, обврска за издржување постои само доколку лицето кое бара издршка е неспособно за работа и нема доволно средства за живот.

Доколку школувањето и стручното образование на децата продолжува и по нивното полнолетство, родителите се должни според своите можности понатаму да ги издржуваат до редовното завршување на школувањето, но најдоцна до навршување на дваесет и шест годишна возраст.

Ако нема согласност меѓу давателот и примателот на издршката, видот и начинот на давањето на издршката ја определува судот, водејќи сметка за сите околности за конкретниот случај.

Член 35

Лицата кои според законот се должни да даваат издршка го даваат издржувањето по оној ред по кој доаѓаат за наследство.

Ако обврската за издржување паѓа врз товар на повеќе лица заедно, тогаш таа се дели меѓу нив според нивните можности.

Член 36

Откажувањето од правото на издршка нема правно дејство.

Член 37

Во споровите за издршката според овој закон судот може да донесе решение тужениот да му плаќа на тужителот до окончување на спорот определен износ, кој ќе се пресмета по завршувањето на спорот.

Член 38

Судот, по предлог на заинтересираното лице, може да го зголеми, да го намали или да го укине издржувањето досудено со правосилна одлука, ако околностите врз основа на кои одлуката е донесена подоцна се измениле.

Член 39

Давателот на издржувањето (установа за социјална заштита, органот за социјална заштита или физичко лице) може со тужба до судот да бара надоместок на тие трошоци од лицето за кое е утврдено според овој закон дека е должно да го издржува, доколку сторените трошоци биле нужни.

IV. ВРШЕЊЕ НА РОДИТЕЛСКИТЕ ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ

Член 40

Правата и должностите спрема своите деца родителите ги вршат спогодбено.

Во случај на нивно несогласување решава надлежниот орган за старателство.

Кога еден од родителите е спречен да го врши родителското право, тоа го врши другиот родител.

Член 41

Во случај на развод или поништување на бракот, правата и должностите ги врши родителот на кого што детето му е доверено на чување и воспитување.

Ако другиот родител не се согласи со некои негови постапки и мерки, тој може да го извести надлежниот орган за старателство кој решава за тоа.

Член 42

Ако еден од родителите е умрен или е непознат, или ако е лишен од родителското право, или од деловната способност, правата и должностите во однос на детето му припаѓаат на другиот родител.

Член 43

Надлежниот орган на старателство може во случаи предвидени со закон да одземе дете од родител и да му го повери на друго лице или установа на чување и воспитување, ако родителите го занемариле неговото подигање.

Со одземањето на детето не престануваат другите права на родителите и нивните должности спрема детето.

Член 44

Надлежниот орган за старателство може сам, или по предлог на родителите, да упати дете заради неговите лоши склоности во некоја воспитна установа.

Член 45

Надлежниот орган за старателство, кога постои оправдано сомнение за злоупотреба, може да бара родителите да поднесат сметка за управување со имотот на детето.

Надлежниот орган за старателство може да побара од судот, заради заштита на имотните интереси на детето, да дозволи средства за обезбедување на имотот на родителите.

Заради заштита на имотните интереси на детето судот може да реши родителите во поглед на управувањето со имотот на детето да имаат положба на старател.

Член 46

Родителот кој го злоупотребува вршењето на родителските права или грубо го занемарува вршењето на своите должности, по предлог на органот за старателство се лишува од вршењето на родителските права со решение на судот во вонпроцесна постапка.

Вршењето на родителските права може да му се врати на родителот кога ќе престане причината поради која е лишен од тоа право.

V. ПРЕСТАНОК И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОДИТЕЛСКИТЕ ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ

Член 47

Правата и должностите на родителите престануваат со полнолетството на детето, со стапување во брак на детето пред навршување на полнолетството, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Со стапувањето во брак малолетното лице се здобива со потполна деловна способност.

Член 48

Судот може, по предлог на родителите или надлежниот орган за старателство, да одлучи во вонпроцесна постапка, родителите да продолжат да ги вршат правата и должностите и по полнолетството на детето, ако тоа поради физички или психички недостатоци не е способно само да се грижи за својата личност, права и интереси.

Кога ќе престанат причините поради кои се продолжени правата и должностите на родителите, судот по предлог на надлежниот орган за старателство ќе одлучи за престанок на правата и должностите на родителите спрема детето.

Одлуките на судот од ставовите 1 и 2 на овој член се забележуваат во матичната книга на родените и во книгите за евиденција на недвижности.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 49

Роковите за утврдување на вонбрачното татковство (чл. 9 и 11), кои се скратени со овој закон, а уште течат според поранешниот закон, започнуваат да течат според овој закон.

Член 50

Одредбите од овој закон ќе се применуваат и на предметите по кои, до неговото влегување во сила, не е донесена одлука.

Член 51

Овој закон влегува во сила осмиот ден од неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

31.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТАРАТЕЛСТВО

Се прогласува Законот за старателство, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 29 јануари 1973 година.

Број 03-374
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ЗАКОН

ЗА СТАРАТЕЛСТВО

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со старателството општествената заедница им дава посебна заштита на малолетниците кои не се под родителска грижа и на полнолетни лица кои не се способни сами да се грижат за себе и за заштитата на своите права и интереси.

Според одредбите на овој закон заштита им се дава и на други лица кои не се во состојба или немаат можност сами да се грижат за заштитата на своите права и интереси.

Член 2

Старателството има цел со згрижување, воспитување и образование сестрано да се изградува личноста на малолетните лица под старателство и тие да се оспособат за самостоен живот и за активно учество во дејностите корисни за општеството.

Старателството има за цел на полнолетните лица под старателство да им даде заштита која се остварува првенствено со згрижување, лекување и оспособување за самостоен живот.

Старателството има цел и да ги обезбедува имотните и други права и интереси на лицата под старателство.

Член 3

Посебната заштита на лицата под старателство се остварува преку општински орган за старателство.

Член 4

Во остварувањето на своите задачи органот за старателство соработува со правосудните и други надлежни органи, со месните заедници, со организациите на здружен труд, со општествените организации и здруженија на граѓани како и со одделни граѓани кои покажуваат интерес за таква соработка.

Член 5

Органот за старателство применува воспитни и други мерки изречени од судовите и од други надлежни органи, заради подигање, воспитување и образование на малолетниците и на други лица на кои овие мерки се однесуваат и врши други работи што му се ставени во надлежност со посебни прописи.

II. ОРГАН ЗА СТАРАТЕЛСТВО

Член 6

Работите на старателството во општината ги врши центарот за социјална работа, а во општините, во кои не постои центар за социјална работа, работите на старателството ги врши општински орган на управата, надлежен за социјална заштита (орган за старателство).

Член 7

Со статутот на центарот за социјална работа се уредува начинот на вршењето на работите на старателството.

Член 8

Надлежноста на органот за старателство се определува според местото на живеалиштето, а ако нема живеалиште, според престојувалиштето на лицето кое треба да се стави под старателство.

Местото на живеалиштето и местото на престојувалиштето се определуваат според моментот кога настанале условите за ставање под старателство.

Член 9

Ако се промени живеалиштето односно престојувалиштето на лицето под старателство, новиот надлежен орган за старателство ќе реши дали ќе се менува старателот и дали ќе се менуваат мерките што ги определил поранешниот орган за старателство.

Член 10

Постапката за ставање под старателство се поведува по службена должност.

Член 11

За потребата некое лице да се стави под старателство или врз него да се примени некој облик на заштита што ја дава органот за старателство, должни се да го известат органот за старателство:

1) матичарот и државните органи кога во вршењето на должноста ќе дознаат за таков случај,

2) роднините, членовите на домаќинството и соседите,

3) организациите на здружен труд, месните заедници и други организации.

Член 12

Кога органот за старателство ќе дознае дека некое лице треба да се стави под старателство, тој веднаш презема потребни мерки за заштита на личноста, правата и интересите на тоа лице.

Член 13

Органот за старателство кога решава за обликот на заштитата што ќе се применува врз лицето под старателство, првенствено ќе се раководи од интересите на лицето под старателство, од современите методи за социјална заштита и од неговите материјални можности.

Член 14

Органот за старателство според прописите за управна постапка решава за ставање под старателство, за поставување или за разрешување од должност старател, за обемот на овластувањата на старателот и за правата и правните интереси на лицето под старателство, како и за престанок на старателството.

Во другите случаи органот за старателство постапува на најцелисходен начин, зависно од природата на мерките на старателството што ги определува.

Органот за старателство може да ги менува своите порано донесени решенија, кога тоа го бараат интересите на лицето под старателство, ако со тоа не се засегнуваат правата на трети лица.

Против решението од став 1 на овој член може да се поднесе жалба до републичкиот орган на управата надлежен за работите на социјалната заштита.

Член 15

Лицето под старателство, кое е во состојба да го стори тоа, неговите роднини, како и органите и организациите предвидени во член 11 од овој закон, можат да поднесат приговор на работата на старателот и на работата на органот за старателство.

Член 16

Приговорите на работата на старателот, односно на органот за старателство, можат да се упатат до органот за старателство односно до советот на општината надлежен за социјална заштита.

Органот за старателство односно советот ги испитува приговорите што му се упатени и ако најде дека се основани ги определува мерките што ќе се преземат.

Член 17

Трошоците за спроведување на мерките што се преземаат во интерес на лицето под старателство се покриваат:

1) од приходите на лицето под старателство,

2) од средствата добиени од лица кои се должни да му даваат издржување на лицето под старателство,

3) од имотот на лицето под старателство,

4) од средствата добиени за лицето под старателство по основ на социјална заштита.

Член 18

Доколку лицата кои се должни да му даваат издржување на лицето под старателство не го прават тоа, органот за старателство може преку суд да бара да му бидат надоместени трошоците.

III. СТАРАТЕЛ

Член 19

На лицето под старателство органот за старателството му поставува старател.

За старател се поставува лице кое има лични својства за вршење на должноста старател и кое претходно ќе даде согласност да биде старател.

За старател првенствено се поставува близок роднина на лицето под старателство.

При поставувањето на старател органот за старателство ќе ги земе предвид и желбите на лицето под старателство, ако е во состојба да ги изрази, како и желбите на неговите блиски роднини.

Член 20

Не може да биде старател лице:

1. кое е лишено од родителски права,

2. кое е лишено од деловна способност,

3. чии интереси се во спротивност со интересите на лицето под старателство,

4. од кое, со оглед на неговото поранешно и сегашно поведение, личните својства и односите со лицето под старателство и неговите родители, не може да се очекува дека правилно ќе ја врши старателската должност.

Член 21

На лице под старателство сместено во установа за воспитување, социјална, здравствена или друга установа, органот за старателство ќе му постави старател за вршење на работите на старателството што таа установа не ги врши.

Член 22

Органот за старателство може да реши должноста на старател да ја врши непосредно.

Органот за старателство може да ги ограничи овластувањата на старателот и да реши одделни работи на старателството да ги врши непосредно.

Ако органот за старателство ја врши должноста на старател, тој може одделни работи да ги довери да ги вршат стручни лица во негово име и под негов надзор.

Член 23

Органот за старателство ќе му издаде на старателот исправа за поставувањето за старател и за обемот на неговите овластувања.

Член 24

Ако лицето под старателство има имот, органот за старателство ќе нареди да се изврши попис и проценка на имотот што ќе му го предаде на старателот на управување. За предавањето на имотот се составува записник што го потпишуваат овластениот работник на органот за старателство и старателот.

Член 25

Ако лицето под старателство има имот надвор од подрачјето на надлежниот орган за старателство, органот за старателство грижата за тој имот може да му ја довери на органот за старателство на чие подрачје се наоѓа имотот.

Органот за старателство на кого му е доверена грижата за имотот може да определи посебен старател над тој имот или да се грижи за него непосредно.

Органот од претходниот став е должен еднаш годишно да го известува надлежниот орган за старателство за состојбата на имотот.

Решавањето за располагање со имотот од став 1 на овој член го задржува надлежниот орган за старателство.

Член 26

Старателот е должен во рамките на своите овластувања совесно да се грижи за личноста и за правата и интересите на лицето под старателство и совесно да управува со неговиот имот.

Старателот може да преземе мерки надвор од неговите овластувања само со претходна согласност од надлежниот орган за старателство.

Член 27

Старателот во име на лицето под старателство и за негова сметка самостојно ги врши работите што спаѓаат во редовното работење и управување со имотот.

Слободните парични средства старателот е должен да ги вложи на штедна книшка и со нив може да располага со претходна согласност од органот за старателство.

При преземањето на секоја поважна работа старателот, по можност, се советува и со лицето под старателство.

Член 28

Старателот го застапува лицето под старателство.

Органот за старателство го застапува лицето под старателство ако должноста старател ја врши непосредно (член 22, став 1) или ако му ги ограничил овластувањата на старателот и ако решил лицето под старателство да го застапува самиот тој (член 22, став 2).

Член 29

Старателот е должен на органот за старателство да му поднесува извештај за својата работа секоја година, најдоцна до крајот на февруари, и кога тоа ќе го побара органот за старателство.

Член 30

Старателот ги врши своите должности, по правило, без надоместок. Органот за старателство може да му определи на старателот награда ако вложил дополнителен труд во вршењето на старателството.

Старателот има право на надоместок за оправданите трошоци сторени во вршењето на своите должности.

Член 31

Старателот е должен да му ја надомести штетата на лицето под старателство што му ја сторил со неправилно и невнимателно вршење или со самоволно напуштање на должноста старател.

Член 32

Органот за старателство спрема старателот е должен да преземе мерки за обезбедување на правата на лицето под старателство што произлегуваат од неправилната работа на старателот.

Член 33

Органот за старателство ќе го разреши старателот ако утврди дека во вршењето на должноста старател е невнимателен, ги злоупотребува овластувањата, дека со неговата работа се загрозуваат интересите на лицето под старателство, или ако смета дека за лицето под старателство е покорисно да му се постави друг старател.

Органот за старателство ќе го разреши од должност старателот по негово барање, водејќи сметка за интересите на лицето под старателство, а најдоцна во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето.

Член 34

Во случај на смрт на старателот, неговите полнолетни наследници, што живееле со него во заедница, се должни за смртта на старателот веднаш да го известат органот за старателство.

Член 35

Кога на старателот ќе му престане старателската должност согласно со одредбите на членовите 33 и 34 од овој закон, органот за старателство е должен веднаш на лицето под старателство да му постави нов старател.

Старателот на кого што му престанала старателската должност според одредбите на член 33 е должен на новиот старател да му ја предаде должноста со записник во рокот што ќе го одреди органот за старателство.

Член 36

Ставањето под старателство и престанокот на старателството ќе се забележи во посебна книга за старателство и во матичната книга на родените, како и во книгите за евиденција на недвижности ако лицето под старателство има недвижен имот.

IV. СТАРАТЕЛСТВО НАД МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Член 37

Малолетно лице без родителска грижа се става под старателство.

Член 38

Старателот на малолетно лице е должен да се грижи како родител за личноста на малолетникот, а особено за неговото здравје, воспитување, образование и оспособување за самостоен живот.

Член 39

Малолетник под старателство што наполнил 15 години од животот може да врши сам свои правни работи, но за да имаат правна сила тие работи потребно е одобрение од неговиот старател, а за оние работи кои старателот не може сам да ги преземе потребна е согласност на органот за старателство.

Малолетник под старателство што наполнил 15 години од животот може слободно да располага со својот личен доход, при што е должен да придонесува за своето издржување, воспитување и образование.

Член 40

Старателството на малолетник престанува со неговото полнолетство, со склучување брак или со негово посвојување.

Органот за старателство ќе продолжи да му ја дава својата помош на лицето на кое старателството му престанало поради настапување на полнолетството, ако тоа додека траело старателството од оправдани причини не можело да се оспособи за самостоен живот.

Член 41

Кога престанува старателството според претходниот член органот за старателство ќе определи рок во кој старателот е должен да го предаде имотот на лицето под старателство и да поднесе извештај за состојбата на имотот.

По поднесувањето на извештајот органот за старателство ќе го разреши старателот од должноста.

Член 42

Органот за старателство може малолетното лице под старателство да го даде на чување и одгледување и на лице кое не ја врши должноста старател, односно да го смести во соодветна установа, раководејќи се од интересите на малолетното лице.

Малолетникот ќе се смести на одгледување и чување првенствено кај роднина што е должен да го издржува.

Член 43

Лицето на кое му е доверен малолетникот на чување и установата во која е сместено малолетното лице под старателство, се должни да го известуваат старателот и органот за старателство за сите поважни промени во условите на животот, здравјето, воспитувањето и образованието на малолетникот.

Лицето или установата, каде што малолетното лице е сместено на одгледување и чување, не можат да се ослободат од оваа должност без претходна согласност на старателот односно на органот за старателство.

Член 44

Ако и по настапувањето на полнолетството, поради физички или психички недостатоци лицето не е способно само да се грижи за себе и за своите права и интереси, старателот или органот за старателство ќе поведат постапка тоа лице по друг основ да биде ставено под старателство.

V. СТАРАТЕЛСТВО НАД ЛИЦА ЛИШЕНИ ОД ДЕЛОВНА СПОСОБНОСТ

Член 45

Лицата делумно или наполно лишени од деловна способност со решение на судот се ставаат под старателство.

Член 46

Правосилното решение за лишување од деловна способност судот веднаш го доставува до надлежниот орган за старателство, кој во рок од 30 дена од денот на приемот на решението ќе го стави лицето лишено од деловна способност под старателство.

Член 47

Старателот на лице лишено наполно од деловна способност е должен да се грижи особено за неговата личност, водејќи сметка за причините поради кои е лишено од деловната способност и настојувајќи да се отстранат тие причини за да се оспособи лицето за самостоен живот.

Член 48

Старателот на лице кое е наполно лишено од деловна способност ги има правата и должностите на старател на малолетно лице кое нема наполнето 15 години од животот.

Старателот на лице делумно лишено од деловната способност има должности и права на старател на малолетно лице кое има наполнето 15 години од животот, но органот за старателство може, да определи работи кои лицето делумно лишено од деловна способност може да ги презема самостојно и без одобрување.

Член 49

Судот е должен веднаш да го извести органот за старателство кога ќе се поведе постапка за лишување на лице од деловна способност.

Органот за старателство во постапката за лишување од деловна способност може да назначи привремен старател на лицето за кое се води постапката.

Должноста на привремениот старател престанува веднаш штом ќе се постави постојан старател или штом решението на судот дека нема место за лишување од деловна способност ќе стане правосилно.

Член 50

Старателството над лице лишено од деловна способност престанува кога со решението на судот ќе се прогласи за деловно способно.

VI. СТАРАТЕЛИ ЗА ПОСЕБНИ СЛУЧАИ

Член 51

Органот за старателство ќе му постави старател за одделни работи или определен вид работи на лице чие место на живеење не е познато, а кое нема застапник, на непознат сопственик на имот, кога е потребно некој да се грижи за тој имот, како и во други случаи кога е тоа потребно заради заштита на правата и интересите на одделни лица.

Старател на лицата од став 1 на овој член може под условите определени со закон, да им постави и органот пред кој се води постапката. Овој орган е должен за тоа без одлагање да го извести надлежниот орган за старателство.

Органот за старателство спрема старателот поставен во смисла на став 2 на овој член ги има сите овластувања како и спрема старателот кого сам го поставил.

Член 52

Органот за старателство може да постави посебен старател:

— на лице над кое родителите го вршат родителското право за водење спор меѓу него и неговите родители, за склучување одделни правни работи меѓу нив, како и во други случаи кога нивните интереси се во спротивност,

— на лице под старателство за водење спор меѓу него и старателот, за склучување правни работи меѓу нив, како и во други случаи кога нивните интереси се во спротивност.

Кога меѓу малолетници над кои исто лице врши родителско право или меѓу лица што имаат ист старател треба да се води спор или да се склучи правна работа во која интересите на малолетникот, односно на лицето под старателство се во спротивност, ќе му се постави на секое од нив посебен старател за водење на спорот, односно за склучување на правната работа.

Кога родителите, посвоителите, старателите и државните органи, во вршењето на должноста, ќе дознаат за случаите од претходниот став на овој член, тие се должни да го пријават тоа на органот за старателство.

Член 53

Ако со меѓународен договор не е определено поинаку, органот за старателство во случаите предвидени со овој закон ќе преземе потребни мерки за заштита на личноста, правата и интересите на странски државјани додека органот на државата, чиј државјанин е тој, не донесе потребно решение и не преземе определени мерки.

Член 54

При поставувањето старател според одредбите на членовите 51 и 53 од оваа глава, органот за старателство ќе го определи обемот на должностите и правата на старателот, имајќи ги предвид околностите на секој одделен случај.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 55

Се овластува републичкиот секретар за здравство и социјална политика да ги пропише:

— условите и начинот на работењето на органот за старателство,

— начинот на водењето на евиденцијата и документацијата за лицата ставени под старателство и за старателите.

Член 56

Центрите за социјална работа се должни својата работа да ја усогласат со овој закон во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 57

Старателите поставени според досегашните прописи продолжуваат со работа според одредбите на овој закон.

Член 58

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за вршење на старателството („Службен весник на НРМ" бр. 18/50 и „Службен весник на СРМ", бр. 16/65).

Член 59

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

32.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСВОЈУВАЊЕ

Се прогласува Законот за посвојување,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година.

Број 03-378
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПОСВОЈУВАЊЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со посвојувањето се создаваат односи какви што настануваат со раѓањето (потполно посвојување) или само односи што постојат меѓу родители и деца (непотполно посвојување).

Каков однос ќе се создаде со посвојувањето зависи од волјата на посвоителот, на родителите на детето кое се посвојува, односно, на неговиот старател и на самото дете ако е постаро од десет години.

Член 2

Посвојувањето се засновува пред органот за старателство.

Член 3

Посвојувањето се запишува во матичната книга на родените.

II. УСЛОВИ ЗА ПОСВОЈУВАЊЕТО

Член 4

Само малолетно лице може да биде посвоено.

Член 5

Посвоител може да биде само лице кое е деловно способно и кое има лични својства за успешно вршење на родителските права.

Член 6

Посвоител може да биде лице најмалку 18 години постаро од посвоеникот.

Кога детето го посвојува брачниот другар на родителот на детето, разликата во години може да биде и помала.

Ако брачни другари посвојуваат дете истовремено или едниот па другиот, за посвојувањето е доволно да постои разликата во години само кај еден од брачните другари.

Член 7

Никој не може да биде посвоен од повеќе лица.

Брачните другари можат да посвојат исто лице а може да го посвои и само еден од нив. Во тој случај е потребна согласност на другиот брачен другар.

Не е потребна согласност на другиот брачен другар доколку со судска одлука е лишен од родителски права или е неспособен да ја изрази својата волја, или повеќе од една година не му се знае престојувалиштето.

Член 8

При потполното посвојување како посвоители може да се јават само брачните другари заедно или брачниот другар на родителот на детето кое се посвојува.

Член 9

За посвојување е потребна согласност на обата родитела на посвоеникот, односно на неговиот старател како и на посвоеникот ако е постар од 10 години.

Не е потребна согласност на родителот кој е неспособен да ја изрази својата волја во моментот на посвојувањето или на кого што повеќе од една година не му се знае престојувалиштето.

Не е потребна согласност и од родителот кој по разводот на бракот не покажал интерес за своето дете, ниту за него плаќа издршка, кога како посвоител ќе се јави новиот брачен другар на родителот на малолетното дете кое се посвојува.

Не е потребна согласност ниту од посвоеникот кој до посвојувањето живеел во семејството на посвоителот пред наполнувањето на десетгодишна возраст.

Член 10

Не може да се посвои сродник во права линија, ниту брат ниту сестра.

Член 11

Посвоител не може да биде:

а) лице кое е лишено од родителски права,

б) лице за кое постои основано сомневање дека положбата на посвоител ќе ја употреби на штета на посвоеникот,

в) лице кое нема лични својства за успешно воспитување и одгледување на посвоеникот како корисен член на општествената заедница,

г) лице кое е душевно болно или слабоумно, како и она лице кое боледува од болест што може да го доведе во опасност здравјето и животот на посвоеникот.

III. ЗАСНОВАЊЕ НА ПОСВОЈУВАЊЕТО

Член 12

Лицето кое сака да посвои и родителите, односно старателот на лицето кое се посвојува поднесуваат молба до органот за старателство надлежен според живеалиштето на посвоеникот.

Кон молбата се приложуваат изводи од книгата на родените како и соодветни документи, од кои може да се види дали се исполнети условите за посвојување предвидени со овој закон.

Член 13

Ако органот за старателство од содржината на документите, од социјалниот увид или на друг начин најде дека се исполнети условите пропишани со овој закон и дека посвојувањето е корисно за посвоеникот, ќе го одобри посвојувањето а во спротивно ќе го одбие посвојувањето.

Жалбата против решението за одбивање на посвојувањето не е врзана за рок.

Член 14

За посвојувањето е потребно присуство на посвоителот, неговиот брачен другар, родителите, односно на старателот на посвоеникот, како и на посвоеникот ако е постар од десет години, освен на посвоеникот од став 4 на член 9.

Во оправдани случаи брачниот другар на посвоителот, кој не се јавува како посвоител, како и еден од родителите на посвоеникот, својата согласност за посвојување можат да ја дадат преку органот за старателство надлежен според нивното живеалиште.

Согласноста се дава на записник во кој мора да бидат точно означени посвоителот и посвоеникот.

Член 15

Родителите, односно родителот, ако сам го врши родителското право согласноста за посвојување на своето дете може да ја дадат и претходно пред надлежниот орган за старателство без да го определат посвоителот.

Кога лицата од претходниот став дале согласност за посвојување на детето, без да го определуваат посвоителот, во постапката за посвојување согласноста за посвојување ја дава старателот на малолетното дете.

Член 16

Надлежниот орган за старателство пред да донесе решение за посвојување ќе ги распита посвоителите и родителите односно старателот и ќе им укаже на правата и должностите на посвоителот и посвоеникот.

Член 17

При посвојувањето се составува записник.

Во записникот и во решението за посвојувањето се внесуваат податоци за извршеното посвојување, за спогодбата за презимето на посвоеникот и за неговите наследни права спрема посвоителот, доколку посвојувањето е непотполно.

Записникот го потпишуваат лицата, кои според член 14 од овој закон задолжително присуствуваат при посвојувањето.

Член 18

Ако е извршено потполно посвојување врз основа на решението на надлежниот орган за старателство во матичната книга на родените, како родители на детето ќе се запишат посвоителите. Матичарот е должен да изврши нов упис во книгата на родените и за тоа ќе им издаде на посвоителот извод од матичната книга на родените.

Член 19

Надлежниот орган за старателство решението за посвојување ќе го достави до надлежниот матичар најдоцна во рок од 15 дена заради упис во матичната книга на родените.

IV. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПОСВОИТЕЛОТ И ПОСВОЕНИКОТ

Член 20

Со потполното посвојување меѓу посвоителот и неговото семејство и посвоеникот и неговото потомство се создаваат права и должности кои постојат помеѓу крвни роднини.

Со потполното посвојување престануваат заемните права и должности меѓу посвоеното дете и неговото поранешно семејство.

Ако посвоителот е брачен другар на еден од родителите на посвоеникот, посвојувањето не влијае врз односите меѓу посвоеникот и тој родител како и спрема неговите роднини.

Член 21

Со непотполното посвојување меѓу посвоителот и посвоеникот и неговите потомци се создаваат права и должности кои постојат меѓу родители и деца.

Член 22

Брачните другари спогодбено го определуваат презимето на заеднички посвоеното дете.

При непотполното посвојување, посвоителот во согласност со родителите на посвоеното дете, односно со неговиот старател може да одлучи посвоеното дете да го носи презимето на посвоителот, или да го задржи своето поранешно презиме или покрај ова да го додаде презимето на посвоителот.

Член 23

При потполното посвојување наследните права на посвоеникот и неговото потомство спрема посвоителот и неговото семејство и на посвоителот и неговото семејство спрема посвоеното дете и неговото потомство е изедначено со наследните права меѓу крвните роднини.

Член 24

Наследните права меѓу посвоителот и посвоеникот и неговото потомство при непотполното посвојување се заемни.

При непотполното посвојување, наследните права на посвоеникот спрема посвоителот може да се ограничат или сосема да се исклучат ако во моментот на посвојувањето посвоителот има свои родени деца.

Ако како посвоители при непотполното посвојување се јавуваат брачни другари, наследните права на посвоеникот може различно да се определат спрема секој од нив.

Доколку наследните права на посвоеникот биле ограничени или исклучени, посвоителот не може да го наследи посвоеникот и неговото потомство по закон.

V. ПРЕСТАНОК НА ПОСВОЈУВАЊЕТО

Член 25

Потполното посвојување не може да се раскине.

Член 26

Непотполното посвојување може да престане по спогодба меѓу посвоителот и посвоеникот според одредбите кои важат за посвојувањето.

Ако посвоеникот е малолетен, органот за старателство е должен да испита дали престанувањето на посвојувањето е корисно за посвоеникот.

Член 27

Надлежниот орган за старателство може да реши непотполното посвојување да престане ако утврди дека тоа го бараат оправданите интереси на малолетниот посвоеник.

Секое лице, општествена организација или здружение на граѓани можат да поднесат претставка за потребата за престанок на неполното посвојување кога е тоа во интерес на малолетниот посвоеник.

Член 28

Надлежниот орган за старателство по барање на посвоителот или посвоеникот кога ќе се утврди дека за тоа постојат оправдани причини може да реши непотполното посвојување да престане.

Член 29

Ако во текот на постапката за раскинување на непотполното посвојување настапи смрт на посвоеникот или на посвоителот, барањето за раскинување на посвојувањето можат да го продолжат нивните законски наследници.

Член 30

По престанокот на непотполното посвојување, надлежниот орган за старателство може да го задолжи посвоителот да го издржува посвоеникот до полнолетството врз товар на посвоителот, земајќи ја предвид нивната имотна состојба.

Надлежниот орган за старателство, може да утврди обврска на полнолетниот посвоеник за издржување на посвоителот кој не е способен за стопанисување и нема средства за живот.

Член 31

Со престанокот на непотполното посвојување одново настануваат заемни права и должности меѓу посвоеникот и неговото поранешно семејство. Посвоеникот го добива своето поранешно презиме, а по негово барање може да го задржи презимето што го добил при посвојувањето, ако со тоа се согласи посвоителот.

Член 32

Правосилното решение за престанок на непотполното посвојување се доставува на надлежниот матичар заради упис во матичната книга на родените.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 33

Надлежниот орган за старателство, во смисла на член 18 од овој закон, по барање на посвоителите може да реши во матичната книга на родените како родители на детето да се запишат посвоителите и за посвојувањето засновани според поранешните прописи, доколку родителите на посвоеното дете дале изјава нивното дете да биде посвоено од непознат посвоител, односно доколку при посвојувањето посвоителите и родителите на малолетното дете се согласиле тоа да го носи презимето на своите посвоители со сите права на родено дете.

Ако таква изјава нема, по предлог на посвоителите таа може дополнително да се добие. Ако во рок од една година од поднесеното барање за донесување на решение во смисла на претходниот став не можат да се пронајдат родителите на посвоеното дете, решение ќе се донесе и без нивна согласност.

Во случаите од ставовите 1 и 2 не е потребна согласност ниту од посвоеникот, ако при посвојувањето не е барана негова согласност.

Член 34

Се овластува републичкиот секретар за здравство и социјална политика да го пропише начинот на водењето на евиденцијата и да ги определи документите потребни при посвојувањето.

Член 35

Се овластува републичкиот секретар за внатрешни работи да го пропише начинот на уписот во матичната книга на родените според одредбите од член 18 и 34 од овој закон.

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

33. Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПОСЕБНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Се прогласува Законот за работењето на посебните организации на казнено-поправните установи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година.

Број 03-377
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ЗАКОН
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПОСЕБНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Член 1

Во казнено-поправните установи можат да се основаат посебни организации во кои осудените лица способни за работа, преку вршење на корисна работа, стекнуваат и одржуваат работни навики, ги зголемуваат работните способности и стручно знаење заради полесно вклучување во животот по издржувањето на казната.

Член 2

Посебните организации ги основа органот што ја основал казнено-поправната установа.

Член 3

Посебните организации работат според прописи што важат за организациите на здружен труд, доколку со овој закон не е определено поинаку.

Член 4

Работните луѓе во посебните организации го остварува правото на самоуправување според прописите што важат за работните луѓе во органите на управата.

Член 5

Работењето на посебните организации се организира на тој начин што постигањето на економска корист од работата на осудените лица да не се одразува штетно врз остварувањето целта на извршувањето на казната.

Член 6

Посебната организација има свој назив (фирма).

Фирмата на посебната организација се определува со актот за основање.

Член 7

Обврските што произлегуваат од работењето на посебните организации паѓаат на товар на основачот.

Член 8

Посебните организации можат да користат заеми и кредити само во согласност со основачот.

Член 9

Од доходот на посебните организации се издвојуваат средства за лични доходи за работниците на организацијата.

Член 10

Во трошоците на работењето на посебните организации се засметува и надоместокот за работа што им се плаќа на осудените лица за работата.

Член 11

Посебните организации од доходот што го остваруваат, издвојуваат средства и во посебните фондови на казнено-поправните установи, кои се користат за:

1. големи поправки и изградба на објекти;

2. унапредување на воспитно-поправната работа на осудените лица; и

3. наградување на осудените лица и за помош на лицата при отпуштањето од казнено-поправната установа.

За висината на издвојувањето на средствата од претходниот став, како и за користењето на средствата од точка 1 одлучуваат работните луѓе на казнено-поправните установи што се основаат од Републиката, во согласност со републичкиот секретар за правосудство.

Член 12

Посебните организации се ослободуваат од плаќање на:

1. камата на деловен фонд;
2. придонес од заедничките резерви;
3. придонес од надоместокот за работата на осудените лица.

Член 13

Посебните организации финансиското работење го вршат преку посебна сметка во Службата на општественото книговодство.

Средствата од член 11 се водат на посебна сметка на казнено-поправната установа во чиј состав се наоѓа посебната организација.

Посебните организации се должни да водат книговодство според прописите за книговодството на организациите на здружен труд.

Член 14

Надзор над работата на посебните организации врши Републичкиот секретаријат за правосудство, а по однос на материјално-финансиското работење и Службата на општественото книговодство.

Член 15

Во казнено-поправните установи, во кои не се основани посебни организации во смисла на овој закон, приходите што се остваруваат од работата на осудените лица се внесуваат во фондовите од член 11.

Член 16

Одредбите на овој закон, освен член 9, се однесуваат и на посебните организации во воспитно-поправниот дом.

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за формирање на посебни фондови во стопанските единици на казнено-поправните установи („Службен весник на СРМ" бр. 14/69).

Член 18

Постојните стопански единици на казнено-поправните установи продолжуваат да работат како посебни организации на казнено-поправните установи, кои се должни своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од 1 година од денот на неговото влегување во сила.

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

34. Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТАТА И ГРОБОВИТЕ НА БОРЦИТЕ

Се прогласува Законот за гробиштата и гробовите на борците.

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 29 јануари 1973 година.

Број 03-376
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ЗАКОН
ЗА ГРОБИШТАТА И ГРОБОВИТЕ НА БОРЦИТЕ

Член 1

За да се зачува трајниот спомен на борците паднати за ослободувањето на земјата и да им се оддаде должната почит, гробиштата и гробовите на борците се под посебна заштита и се уредуваат според одредбите на овој закон.

Член 2

Како гробишта и гробови на борци, во смисла на овој закон, се сметаат:

1. гробиштата и гробовите на југословенските борци, на југословенските воени заробеници, на интернираните лица и на други жртви на непријателскиот терор, на територијата на Социјалистичка Република Македонија, од Втората светска војна и од Илинденското востание;

2. гробиштата и гробовите на борците од странските армии или одреди, на територијата на Социјалистичка Република Македонија, а кои се бореле во Втората светска војна во Југославија против заедничкиот непријател.

Член 3

Гробиштата и гробовите на борци прогласени за споменици на културата, се одржуваат и уредуваат според одредбите на Законот за заштита на спомениците на културата.

Член 4

Како уредени гробишта, во смисла на овој закон, се сметаат посебните алеи (костурници) во кои се закопани посмртните останки на борците во постојните гробишта, како и одделните гробишта подигнати за таа цел.

Како уредени гробови, во смисла на овој закон, се сметаат поединечните гробови и заедничките гробници (костурници) што се наоѓаат во гробиштата, а се обележани со видливи и трајни знаци (споменици, надгробни плочи и бисти).

Член 5

Гробиштата на борците се уредуваат, по правило, на местата каде што се формирани во текот на Народноослободителната војна.

Гробиштата на борците формирани во текот на Народноослободителната војна на местата од историско значење (места на големи битки, места на масовни убивања и стрелања на жртви на непријателскиот терор и сл.) не можат да се пренесуваат, освен ако за пренесувањето постојат оправдани причини (земјиште подложено на поплави, ерозии и сл.).

Оправданите причини за пренесување на гробиштата на борците од претходниот став ќе ги цени комисија формирана од надлежниот орган на општината.

Член 6

За собирање и пренос на посмртните останки на борците одлучува општината.

За собирање и пренос на посмртните останки на борците закопани на подрачјето на друга општина, општината од претходниот став. одлучува во согласност со општината од чие подрачје се врши собирањето и пренесувањето на посмртните останки.

За пренос на посмртните останки на борците од странските армии или одреди, одлучува републичкиот секретар за здравство и социјална политика.

Член 7

Општината го организира редовното одржување на гробиштата и гробовите на борците и се грижи за заштита од оштетување и уништување на спомениците и другите знаци со кои тие се обележани.

Член 8

Општествено-политичките организации, организациите на здруженото труд и другите самоуправни организации, како и блиските роднини и пријатели на паднатите борци, во договор со надлежниот орган на општината, можат да ја преземат грижата за непосредно одржување на одделни гробови или гробишта на борците.

Член 9

Пренос и закоп на посмртните останки на борци од уредени гробишта односно гробови може да се изврши само ако за тоа постојат оправдани причини (пренос во заедничка гробница на херои, во семејна гробница, во уредени гробишта на борци во родниот крај и др.).

За преносот и закопот на посмртните останки одлучува надлежниот орган на општината на чие подрачје се врши преносот, со претходно прибавено мислење од боречките и другите заинтересирани организации.

Член 10

Средства за собирање, пренос на посмртните останки, уредување и одржување на гробиштата и гробовите на борците од странски армии или одреди од член 2 точка 2 на овој закон, обезбедува Републиката.

Член 11

За гробиштата и гробовите на борците се води евиденција.

Евиденцијата за гробиштата и гробовите на борците ја води општината.

Евиденција за гробиштата и гробовите на борците од странски армии и одреди води Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика.

По барање од Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика, надлежниот орган на општината му доставува податоци потребни за евиденцијата на гробиштата и гробовите на борците од странски армии и одреди.

Член 12

Се овластува републичкиот секретар за здравство и социјална политика да донесе поблиски прописи за начинот на водење на евиденција за уредувањето и одржувањето на гробиштата и гробовите на борците.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за уредување и одржување на гробиштата и гробовите на борците („Службен весник на СРМ“, бр. 29/65).

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

35. Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОВСТВО

Се прогласува Законот за ловство,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година.

Број 03-375
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ЗАКОН ЗА ЛОВСТВО

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Под ловство во смисла на овој закон се подразбира, одгледувањето, заштитата, ловењето и користењето на дивечот.

Член 2

Дивеч во смисла на овој закон се одредени видови на животни што живеат слободно во природата.

Дивечот е општествена сопственост.

Член 3

Уловениот или угинатиот дивеч, како и трофеите од дивеч, ѝ припаѓаат на организацијата која стопанисува со ловиштето, а на земјиште надвор од ловиштето (парк — шуми, шумски резервати, излетишта, земјоделски земјишта и др.) на организацијата односно органот кој се грижи за тој дивеч.

Член 4

За вршење на ловство, по правило, се установуваат ловишта на определени површини на земјишта и води (ловни површини).

Одгледување и заштита на заштитениот дивеч, ловење и користење на дивеч на земјишта и води надвор од ловиштата што ги користат организациите на здружен труд и државните органи вршат тие организации односно државни органи, а на други земјишта надвор од ловиштата — општината односно организацијата што таа ќе ја овласти.

Член 5

Според намената ловството може да биде спортско, стопанско и со посебна намена.

Со ловство се занимаваат ловностопански и други организации на здружен труд, како и ловечките организации под условите утврдени со овој закон.

Член 6

Со ловиште се стопанисува врз основа на ловностопанска основа.

Стопанисувањето со ловиште опфаќа: одгледување и заштита на заштитениот дивеч, ловење и користење на дивеч, намалување бројот на штетниците, уредување и одржување на ловиштето.

Член 7

Право на ловење на дивеч имаат правните и физичките лица кои ги исполнуваат условите определени со овој закон и со општиот акт на организацијата што стопанисува со ловиштето.

Член 8

За штетата што ќе ја стори заштитениот дивеч, лицата што ловат и нивните помагачи, одговара под определени услови организацијата која стопанисува со ловиштето и други лица определени со овој закон.

За штетата сторена на заштитениот дивеч одговараат лицата и организациите што ја сториле таа штета.

Член 9

Надзор над извршувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и над спроведувањето на пропишаните мерки во областа на ловството од страна на организациите, други правни лица и граѓаните, вршат органите на управата надлежни за работите на ловната инспекција.

II. ДИВЕЧ И ЗАШТИТА НА ДИВЕЧОТ

Член 10

Како дивеч, во смисла на овој закон се сметаат:

а) влакнест дивеч: еленот, срната, дивата коза, муфлонот, козорогот, мечката, дивата свиња, зајакот, верверицата, рисот, видрата, волкот, чакалот, лисицата, дивата мачка, куната — златка, куната — белка, творот, големата и малата ласица и јазовецот;

б) перјаст дивеч: големиот тетреб, малиот тетреб, лештарката, камењарката, полската еребица, фазанот, потполошката, дивите гулаби, грлицата, гугутката, големата дропла, малата дропла, жеравите, лебедите, штрковите, пеликаните, чапјите, кормораните, дивите гуски, дивите пајки, бекасините, водните кокошки, водниот бик, вивците, чигрите, чурулинците, нуркачите, соколите, орлите, буфовите, глувчарите, луњите, мршојадците, јастребите, враните, еите, сојките и страчките.

Член 11

Дивечот од претходниот член е заштитен и незаштитен.

Заштитен дивеч е:

а) влакнест: еленот, срната, дивата коза, муфлонот, козорогот, зајакот, верверицата, рисот, видрата и чакалот;

б) перјаст: големиот тетреб, малиот тетреб, лештарката, камењарката, полската еребица, фазанот, потполошката, дивите гулаби, големата дропла, малата дропла, шлуките, грлицата, гугутката, жеравите, пеликаните, лебедите, штрковите, чапјите (освен сивата чапја), кормораните, дивите гуски, дивите пајки, водните кокошки, водниот бик, вивците, чурулинците, чигрите, нуркачите, соколите, орлите, буфовите, еите, глувчарите, луњите, мршојадците и бекасините.

Незаштитен дивеч е:

а) влакнест: волкот, лисицата, мечката, дивата свиња, дивата мачка, куната — златка, куната — белка, творот, големата и малата ласица и јазовецот;

б) перјаст: јастребите, страчките, враните, сојките и сивата чапја.

Член 12

Еленот, срната, дивата коза, муфлонот, рисот и тетребот се дивеч од висок лов.

Член 13

Заштитата на заштитениот дивеч се врши со ловостој, привремена или трајна забрана на ловење.

За време на ловостој и за време на привремена или трајна забрана на ловење, заштитениот дивеч не смее да се лови, прогонува или вознемирува.

Член 14

Ако настапи непосредна опасност по здравјето или животот на граѓаните, или по имотот на организациите и граѓаните, одреден вид на заштитен дивеч може да се отепа без оглед на забраната, врз основа на одобрение од општинскиот орган надлежен за ловството, а по претходно мислење на здравствена и ветеринарна служба и организацијата што стопанисува со ловиштето односно со земјиштето надвор од ловиштето.

Член 15

За заштитениот дивеч се определува ловостој и тоа:

— дива коза од 1. I до 30. IX;

— дивиот јарец и верверицата од 1. I. до 31. VII;

— зајакот, камењарката, полската еребица, фазанот и лештерката од 1. I. до 30. IX;

— дивите пајки, дивите гуски, потполошката, грлицата, чапјите, бекасините, водните кокошки и дивите гулаби од 1. III. до 31. VII.

Член 16

Организациите што стопанисуваат со ловишта, во случај кога постои опасност од намалување бројот на одреден вид дивеч, се должни да го продолжат одредениот ловостој од претходниот член.

До колку организацијата од претходниот став не го продолжи ловостојот, општината донесува акт за продолжување на ловостојот.

Член 17

Трајно се забранува ловењето на: еленот, срната, муфлонот, козорогот, малиот тетреб, гугутката, пеликаните, чапјите (освен сивата чапја), орлите, соколите, мршојадците, глувчарите, кормораните, еите, водниот бик, луните, штрковите, жеравите, лебедите, големата дропла, малата дропла, буфовите, видрата и чакалот.

Устрел на дивеч од претходниот став може да се врши во одгледувачки цели, по претходно одобрение од Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство.

Член 18

Општината може да пропише привремена или трајна забрана на ловење на дел или на целото подрачје на општината, на редок или прореден дивеч, за кој постои опасност од истребување.

До колку органот од претходниот став не ја пропише оваа забрана, неа може да ја пропише за дел или целата територија на Републиката, републичкиот секретар за земјоделство и шумарство.

Член 19

Забрането е уништување на младенчиња и расипување на легла на влакнестиот заштитен дивеч, како и уништување на седела и јајца, од перјастиот заштитен дивеч.

Уништување на младенчиња и расипување на легла на влакнест заштитен дивеч, уништување и расипување на седела и јајца на заштитен перјаст дивеч, како и устрел и фаќање на заштитен дивеч за време на ловостој, односно за време на привремена или трајна забрана за ловење, може да се врши за потребите на науката, наставата, зоолошките градини и за спречување на заразни болести, врз основа на одобрение од Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство.

Во одобрението од претходниот став се одредува и начинот на ловењето.

Член 20

Незаштитениот дивеч може да се лови и постојано да се сведува во обем кој нема да биде штетен.

Начинот и условите за ловење на незаштитен дивеч во ловиште ги определува организацијата што стопанисува со ловиштето.

За уништувањето на незаштитениот дивеч организациите се должни да водат редовна евиденција.

Организацијата што стопанисува со ловиште, одделен вид на незаштитен дивеч може да го прогласи за заштитен, под услов да обезбеди средства за надоместок на штетите што ќе ги стори тој дивеч.

Член 21

Забрането е ловење, фаќање, уништување на седела и собирање и уништување на младенчиња и јајца на птици кои не се опфатени со член 11 од овој закон, а се корисни за земјоделството и шумарството.

Се овластува републичкиот секретар за земјоделство и шумарство да одреди кои птици се сметаат за корисни за земјоделството и шумарството.

Член 22

Чуварите на ловиштата и членовите на ловечките организации можат да ги уништуваат мачките и кучињата што скитаат по ловиштето (освен овчарските кучиња), ако се наоѓаат 300 метри оддалечени од најблиските станбени и стопански објекти.

Сопствениците се одговорни за штетата што ќе им ја сторат нивните кучиња на организациите што стопанисуваат со ловиштето.

Член 23

Ако за заштита на земјоделски и шумски култури се употребуваат хемиски средства штетни по заштитениот дивеч, нивната употреба мора да се врши на начин кој најмалку е штетен.

При употребата на механизација за време на жетва и косење, на машините се поставуваат направи што го изгонуваат дивечот.

Направите за изгонување на дивечот ги обезбедува корисникот на ловиштето.

Член 24

Палењето на стрништа може да се врши само од една страна и по претходно изгонување на дивечот од површините каде што се врши палењето.

Член 25

Организациите што вршат растурање на хемиски средства на земјоделски односно шумски површини, како и организациите што вршат жнеење, косење и палење на стрништа се должни за преземањето на овие мерки претходно да ја известат организацијата што стопанисува со ловиштето, а најмалку 24 часа порано.

Член 26

Општината, организациите што стопанисуваат со ловиштата и други организации, можат да утврдуваат посебни парични награди за уништување на штетниот дивеч.

Во паричната награда за уништување на волци Републиката ќе учествува и тоа:

— за волк односно волчица со 500 динари
— за волче во легло со старост од 2 месеци со 200 динари

Се овластува републичкиот секретар за земјоделство и шумарство да донесе поблиски прописи за начинот и условите за исплатување на паричната награда од претходниот став.

III. ЛОВИШТА

Член 27

Ловиште се установува на површина на земјишта и води кои претставуваат природна ловностопанска целина на која постојат еколошки и други услови за развиток на ловството, без оглед на сопственоста.

Површината на ловиштето не може да биде помала од 3.000 ха.

Заради спроведување на одредбите од став 1 на овој член, органите надлежни за установување на ловишта можат делови од едно ловиште да припојуваат кон друго ловиште.

Ако за установување на ловиште од став 1 на овој член се надлежни повеќе органи, припојувањето на делови на ловишта се врши со меѓусебна спогодба на тие органи.

Член 28

При установување на ловиште се издвојуваат населбите, гробиштата, јавните патишта, парковите, воените објекти, вештачките рибници, ловните површини за потребите на науката и наставата, како и плантажните лозови и овошни насади.

Член 29

Ловиште установува:

1) општината,

2) органот кој определената шума ја прогласил за шума со посебна намена (национален парк, шумски резерват, парк — шуми, **излетишта и сл.), односно** органот што тој ќе го овласти на подрачјето на таа шума.

Со цел да организира ловиште на земјишта и води со кои управува организација на здружен труд, општината установува ловиште по барање на таа организација, доколку се исполнети условите од член 27 на овој закон.

Член 30

Актот за установување на ловиште ги содржи: границите, површината и намената на ловиштето.

Член 31

Ловиште се дава на стопанисување на:

— ловечки организации,

— на организации што се занимаваат со ловно стопанство,

— на шумски, земјоделски и други организации на здружен труд кои стопанисуваат целосно или со поголем дел од површината на која се установува ловиште.

Организациите од претходниот став се должни да располагаат со стручни лица за ловство и ловочувари.

Член 32

Ловиште се дава на стопанисување на една организација.

На една организација можат да ѝ се дадат на стопанисување и повеќе ловишта, ако таа има услови за успешно стопанисување со нив.

Член 33

Ловиштето што го установува општината се дава на стопанисување по пат на конкурс.

Општината ќе го даде ловиштето на стопанисување на организацијата од член 31 која ќе понуди најповолни услови за стопанисување со него.

При еднакви услови понудени за стопанисување, ловиштето ќе ѝ се даде на стопанисување на организацијата која дотогаш стопанисувала со него.

Член 34

Со организацијата на која ѝ се дава ловиштето на стопанисување се склучува договор.

Во договорот, покрај другото, се определуваат и условите под кои се дава ловиштето на стопанисување.

Договорот се склучува најдоцна 30 дена од доделувањето на ловиштето и тоа за време од најмалку 10 години.

По истекот на договорениот рок се распишува конкурс за доделување на ловиштето.

Член 35

Од организацијата што стопанисува со ловиште ќе ѝ се одземе ловиштето ако:

1. не ги исполнува условите определени со закон и договорот,

2. не донесе ловностопанска основа во рокот определен со овој закон (член 42),

3. не ги спроведува мерките предвидени со ловностопанската основа,

4. средствата остварени од надоместокот за присвоениот дивеч не ги троши за унапредување на ловството,

5. не го искористува ловиштето доволно иако постојат услови за тоа,

6. дозволи основната состојба на дивечот да се намали со ловење.

Пред да ѝ се одземе ловиштето на организацијата што стопанисува со него и се определува рок во кој треба да ги отстрани недостатоците.

Член 36

Организацијата на која ѝ се одзема ловиштето има право на надоместок на неискористените вложувања во дивеч, објекти и други средства во ловиштето.

Висината на надоместокот од претходниот став ја утврдува комисијата составена од органот што го установил ловиштето и од претставници на корисникот на ловиштето.

Во случај на спор за висината на надоместокот од став 2 решава надлежниот суд.

Член 37

Организацијата на која ѝ е дадено ловиште на стопанисување должна е видно да го обележи ловиштето.

IV. КАТАСТАР НА ЛОВИШТЕТО

Член 38

За секое ловиште се установува и се води катастар на ловиштето.

Катастарот на ловиштето го установува и го води организацијата што стопанисува со ловиштето.

Се овластува републичкиот секретар за земјоделство и шумарство да донесе поблиски прописи за содржината и водењето на катастар на ловиште.

V. ЛОВНОСТОПАНСКА ОСНОВА

Член 39

За секое ловиште мора да постои ловностопанска основа.

Одредбите на ловностопанската основа се задолжителни за организацијата што стопанисува со ловиштето и за сите лица што имаат право или обврски во поглед на земјиштето на кое се наоѓа ловиштето.

Член 40

Ловностопанската основа е основа за долгорочно стопанисување со ловиштето, во која се прикажува постојната состојба на ловиштето, можниот капацитет на дивечот во ловиштето, обемот и динамиката на устрелот, видот и обемот на работите, мерките и методите за постигање на целта за идното стопанисување, како и економската финансиска основа на стопанисувањето.

Приказот за постојната состојба на ловиштето содржи податоци за површините, природните услови за одгледување на дивеч, бројната состојба по видови на дивеч и бонитетот на ловиштето.

Целта на стопанисувањето, капацитетот на ловиштето, како и обемот и динамиката на устрелот се определуваат според состојбата на ловиштето и потребите за кои тоа служи (стопански, спортски, рекреациони, за посебна намена и слично).

Економско-финансиската основа на стопанисувањето ја опфаќа вредноста на основните средства, трошоците на стопанисувањето и приходите од дејностите на ловиштето.

Во ловностопанската основа се воведува хроника на извршениот устрел и работите на унапредувањето на ловиштето.

Член 41

Ловностопанската основа ја донесува организацијата што стопанисува со ловиштето, а ја потврдува собранието на општината, односно органот кој одделна шума прогласил за шума со посебна намена или органот што тој ќе го овласти.

Член 42

Ловностопанската основа се донесува за време од 10 години.

Ловностопанската основа се донесува во рок од 6 месеци по склучувањето на договорот од член 34 на овој закон.

Шест месеци пред престанокот на важноста на ловностопанската основа мора да се донесе нова и во тој рок да му се достави на потврдување на надлежниот орган.

Член 43

Организацијата што стопанисува со ловиштето должна е во согласност со ловностопанската основа, да донесе годишен план за стопанисување со ловиштето, во кој ќе се предвидат обемот на работите и мерките за унапредување на ловството како и обемот и вредноста на дивечот што ќе се устрели во текот на годината.

Годишниот план за стопанисување со ловиштето за наредната година се донесува најдоцна до крајот на ноември на тековната година.

Ловење на дивеч не смее да се врши до колку не е донесен годишен план за стопанисување со ловиштето и доставен на увид на општинскиот орган надлежен за ловство.

Член 44

Ловностопанските основи и основните планови за искористување на земјоделско земјиште односно шумскостопански основи мораат да се усогласат.

Член 45

Организацијата што стопанисува со ловиштето е должна извршениот устрел на дивечот и извршените работи во ловиштето да ги евидентира во ловностопанската основа.

Член 46

Сопствениците односно корисниците на земјишта на кои се наоѓа ловиште должни се да ги дозволат дејствијата и мерките за стопанисување со ловиштето предвидени во ловностопанската основа.

Ако со дејствијата односно со мерките од претходниот став се причини штета, организацијата што стопанисува со ловиштето е должна да му ја надомести штетата на корисникот на земјиштето на кое се наоѓа ловиштето.

Член 47

Средствата што ќе се остварат при стопанисувањето со ловиштето мораат да се користат за стопанисување со тоа ловиште, најмалку во износ потребен за одржување на основниот фонд на дивеч утврден со ловностопанската основа.

VI. ЛОВЕЊЕ

Член 48

Ловењето на дивеч опфаќа устрел и фаќање на дивеч.

Ловењето на заштитен дивеч се врши во ловишта и на земјишта надвор од ловиштата што ги користат организациите на здружен труд и други организации и органи.

Член 49

Ловењето на заштитен дивеч се врши со дозвола што ја издава организацијата што стопанисува со ловиштето, односно организацијата што го користи земјиштето надвор од ловиштето, а за другото земјиште општинскиот орган на управата надлежен за ловство.

Во еден ловен ден, едно исто лице не смее да устрели поголем број на заштитен дивеч од бројот определен со дозволата за ловење.

Дозволата за ловење не може да се отстапува на друго лице.

Член 50

За присвојување на уловената дивеч и трофеи од дивеч се плаќа надоместок, што се утврдува со општ акт на организацијата што стопанисува со ловиштето, односно што стопанисува со земјиште надвор од ловиштето.

Член 51

Ловењето се врши групно или поединечно во придружба на лицето што ќе го определи организацијата што стопанисува со ловиштето.

Во ловиште што го користи ловечка организација, ловењето на заштитен дивеч може да се врши само еден ден во неделата и во државни празници, а во согласност со определениот број на денови утврдени со годишниот план за стопанисувањето со ловиштето.

Одредбите од претходниот став не се однесуваат на странските лица — туристи.

Член 52

Устрел на заштитен дивеч се врши со ловечка пушка со сачма или со кугла и со ловечки карабин.

Устрел на елен, срна, дива коза и муфлон се врши само со ловечки карабин.

Член 53

Општината може да забрани ловење на дивеч на земјоделски земјишта засеани со определени земјоделски култури, во време кога тоа би им штетело на тие култури.

Член 54

Организација што стопанисува со ловиште е должна најмалку на една четвртина од вкупната површина на ловиштето наизменично да забранува ловење на две години едноподруго.

Член 55

Забрането е:

1. ловење на заштитен дивеч со стапици, мрежи, кафези, кошеви, направи од коњски влакна, лепила, отрови, мамливи средства, како и со помош на рефлектори (фарови), превозни средства и ноќно време.

2. ловење на елени, срни, дивокози и муфлони како и ловење на заштитен дивеч во низинските (полските) ловишта со кучиња — гонители,

3. ловење на заштитен дивеч за време на поплави и големи снегови,

4. ловење на заштитен дивеч со воено оружје, малокалибарска, воздушна, полуавтоматска и автоматска пушка,

5. ловење со неловечки кучиња и со ловечки кучиња кои немаат педигре — родовник.

Член 56

Со претходно одобрение од организацијата што стопанисува со ловиштето може да се лови со стапица: волк, лисица, дива мачка, јазовец, твор и ласица.

Ловењето на незаштитен дивеч со отров може да се врши само со претходно одобрение од органот на управата, надлежен за работите на ловството на собранието на општината.

Местото на труење мора да биде оддалечено најмалку 500 метри од станбени или стопански објекти и најмалку 200 метри од јавни патишта.

За поставување на отров и за подрачјето на кое се врши труењето се известува месното население на вообичаен начин, како и најблиската станица на милицијата.

Член 57

Забрането е прогонување на ранета дивеч на подрачјето на друго ловиште без дозвола од организацијата што стопанисува со тоа ловиште.

Член 58

Забрането е движење на лица со пушка и други средства за лов по ловиштето без дозвола од организацијата што стопанисува со ловиштето.

Член 59

Забрането е уништување на ловно-техничките објекти на ловиштето (ловечки колиби, хранилишта, чеки, солишта и слични објекти).

Член 60

Трофеи од дивечот не смеат да се изнесуваат без трофеен лист од ловиштето.

Забрането е изнесување од нашата земја трофеи кои според усвоената меѓународна формула имаат над 210 поени за еленот, над 115 поени за дивата коза, над 120 поени за дивата свиња, над 205 поени за муфлонот, над 130 поени за срната и над 300 поени за мечката.

Трофеен лист за трофеи од дивеч издава организацијата што стопанисува со ловиштето.

Поблиски прописи за постапката и содржината на трофејниот лист донесува републичкиот секретар за земјоделство и шумарство.

VII. СПРЕЧУВАЊЕ НА ШТЕТИ И НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА

Член 61

Организациите што стопанисуваат со ловишта се должни да преземаат мерки за спречување на штетите што дивечот може да го нанесе на имотот и граѓаните на земјиштето на кое се наоѓа ловиштето и на околните земјишта, со намалување бројот на дивечот, обезбедување доволно исхрана на ловиштето, поставување на ловочувари, изгонување на дивечот од загрозеното подрачје, употреба на механички плашила и сл.

Корисниците на земјиштето на кое се наоѓа ловиштето и на околните земјишта се должни за спречување на штетите од дивеч да преземаат на своето земјиште вообичаени мерки што ќе ги пропише општината.

Член 62

За штетите што ќе ги причини заштитениот дивеч, за кој е пропишан ловостој, одговорна е организацијата што стопанисува со ловиштето на кое тој дивеч постојано живее, под услов оштетениот да ги презел предвидените мерки од став 2 на претходниот член.

Се смета дека дивечот постојано живее во ловиштето во кое е причинета штетата, ако не се докаже спротивното.

Штетата што ќе ја причини дивечот за кој е пропишана трајна или привремена забрана на ловење должен е да ја надомести органот што ја определил забраната.

За штетата што при ловењето на дивеч ќе ја причинат ловциите, нивните помагачи и ловечките кучиња е одговорна организација што стопанисува со ловиштето, а таа има право на надоместок од ловциите.

Член 63

Споровите за надоместок на штетите од дивеч ги решава општинскиот орган на управата надлежен за ловството, ако бараниот надоместок на штета изнесува до 2.000 динари, а над овој износ надлежниот суд.

Барањето односно тужбата за надоместок на штета се поднесува во рок од 15 дена од денот кога оштетениот дознал за штетата, а најдоцна во рок од 6 месеци од денот кога штетата е сторена.

Член 64

Ако организацијата што стопанисува со ловиште со општ акт определи, за одделен вид на незаштитен дивеч, посебни услови за ловење, одговара за причинетата штета од тој дивеч.

Член 65

Граѓаните и правните лица што ќе причинат штета на дивечот, со бесправно ловење или на друг противзаконит начин, се должни на организацијата, на чие ловиште постојано живее тој дивеч, да ја надоместат штетата според оштетениот ценовник што го пропишува општината по предлог од организациите што стопанисуваат со ловиштата од таа територија.

VIII. ЛОВОЧУВАРСКА СЛУЖБА

Член 66

Организацијата што стопанисува со ловиште е должна да организира ловочуварска служба.

Ловочуварската служба ја вршат ловочувари.

Член 67

Ловочуварите имаат својство на службено лице.

Ловочувари можат да бидат лица со завршено најмалку осумгодишно образование или квалификувани работници во ловството, да ги исполнуваат условите за носење на оружје, како и други услови пропишани со општите акти на организацијата што стопанисува со ловиштето.

Член 68

Правата и должностите на ловочуварите се утврдуваат со општи акти на организацијата што стопанисува со ловиштето.

Граѓаните се должни на ловочуварите да им овозможуваат вршење на нивните овластувања и да им ги дадат потребните податоци.

Член 69

Ловочуварите имаат легитимација.

Легитимацијата ја издава организацијата што го назначува ловочуварот.

Се овластува републичкиот секретар за земјоделство и шумарство да пропише образец за легитимацијата на ловочуварите.

IX. ЛОВНА ИНСПЕКЦИЈА

Член 70

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон вршат органите надлежни за работите на ловната инспекција.

Член 71

Работите на ловната инспекција ги врши општинскиот орган на управата, надлежен за ловството, и Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство.

Работите на ловната инспекција непосредно ги вршат ловни инспектори.

Член 72

Општинскиот орган на ловната инспекција ги врши сите работи на ловната инспекција, освен работите кои со овој закон и други закони се ставени во надлежност на друг орган.

Член 73

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство се грижи за правилното организирање, вршење и унапредување на ловната инспекција на територијата на Републиката и им укажува стручна помош на општинските органи на ловната инспекција.

Ако општинскиот ловен инспектор не изврши некои од работите од своја надлежност, таа работа може да ја изврши републичкиот ловен инспектор на трошок на органот чиј инспектор бил задолжен таа работа да ја изврши.

Член 74

Работите на ловната инспекција може да ги врши лице што има висока школска спрема од шумарска струка и најмалку две години работно искуство во струката.

Ловниот инспектор мора да има посебна легитимација што ја издава старешината на органот.

Се овластува републичкиот секретар за земјоделство и шумарство да пропише образец за легитимацијата на ловниот инспектор.

Член 75

Во вршењето на работите на ловната инспекција ловниот инспектор е овластен:

1. да ги прегледа сите работи во ловиштето и објектите за одгледување, заштита и користење на дивечот,

2. да ги прегледа ловностопанските основи, годишните планови за стопанисување со ловиштето, деловните книги и другите документи, ако е тоа потребно заради контрола на примената на прописите и мерките што се однесуваат на дивечот и ловиштето,

3. привремено да го запре ловењето и фаќањето на дивеч и други дејствија, ако тие не се во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него до конечната одлука на надлежниот орган,

4. привремено да го одземе бесправно уловениот или бесправно присвоениот угинат дивеч или негови делови и други бесправно присвоени производи на ловиштето, како и предметите со кои се извршени овие бесправни дејствија,

5. во итни случаи, во кои би настапила штета за општиот интерес, да нареди преземање на привремени мерки за спречување на таа штета,

6. да ги известува надлежните органи за забележаните неправилности и да бара нивна интервенција, ако тој не е овластен самиот да интервенира,

7. да бара потребни известувања од одговорни лица, сведоци, вештаци и други лица, кога е тоа потребно,

8. да презема и други мерки и дејствија за кои е овластен со важечките прописи.

Организациите и граѓаните чија работа подлежи на надзор, должни се на ловните инспектори да им овозможат вршење на надзор и да им ги дадат потребните податоци и известувања.

Член 76

Ловните инспектори издаваат наредби по пат на писмено решение.

Жалбата против решението од став 1 на овој член не го задржува извршувањето на решението.

Ловниот инспектор, против чие решение е изјавена жалба, може по образложено барање од подносителот на жалбата да го одложи извршувањето на решението, ако со извршување на решението би се предизвикала штета која тешко би можела да се поправи.

X. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 77

Со парична казна од 1.000 до 20.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружен труд, ловечка организација или друго правно лице, што стопанисува со ловиште ако:

1. лови или дозволи да се лови, прогонува или вознемирува заштитен дивеч за време на ловостој, привремена или трајна забрана за ловење (член 13 став 2).

2. не донесе ловностопанска основа (член 42 став 2 и 3),

3. ако средствата остварени при стопанисувањето со ловиштето ги користи спротивно на одредбите од член 47,

4. ако не забрани ловење најмалку на една четвртина од вкупната површина на ловиштето (член 54).

Со парична казна од 200—1.000 динари ќе се казни за стопански престап од претходниот став одговорното лице во организацијата или друго правно лице.

Член 78

Со парична казна од 500 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд, ловечка организација или друго правно лице што стопанисува со ловиште ако:

1. уништува младенчиња и расипува легла или уништува седела и јајца од заштитен дивеч (член 19 став 1),

2. не води редовна евиденција за уништувањето на незаштитениот дивеч (член 20 став 3),

3. лови, уништува седела и собира и уништува младенчиња и јајца од птици корисни за земјоделството и шумарството (член 21),

4. употребува хемиски и механички средства спротивно на одредбите на член 23, став 1 и 2,

5. врши палење на стрништа спротивно на одредбите од член 24,

6. не ја извести организацијата што стопанисува со ловиштето за преземањето на мерки согласно со член 25,

7. видно не го обележи ловиштето (член 37),

8. не установи и не води катастар на ловиштето (член 38),

9. не се придржува за одделни одредби на ловностопанската основа (член 39 став 2),

10 не донесе или не му достави на увид на надлежниот орган годишен план на стопанисувањето (член 43),

11. врши или дозволи ловење на дивеч без годишен план на стопанисувањето (член 43),

12. не ги евидентира во ловностопанската основа извршениот устрел на дивечот и извршените работи во ловиштето (член 45),

13. не дозволи извршување на дејствијата и мерките за стопанисување со ловиштето предвидени во ловностопанската основа (член 46),

14. врши или дозволи ловење спротивно на одредбите од член 51,

15. врши или дозволи устрел на заштитен дивеч со оружје кое не е предвидено во член 52,

16. лови или дозволи ловење спротивно на забраната од член 55,

17. врши или дозволи ловење на незаштитен дивеч со отров спротивно на одредбите од член 56,

18. уништува ловнотехнички објекти во ловиштето (член 59),

19. дозволи изнесување на трофеи од дивеч без трофеен лист (член 60),

20. не презема мерки за спречување на штетата што може да ја нанесе дивечот (член 61 став 1),

21. не организира ловочуварска служба (член 66 став 1),

22. не им овозможува вршење на надзор на ловните инспектори (член 75 став 2),

Со парична казна од 200 до 500 динари ќе се казни за прекршок од претходниот став одговорното лице во организацијата или друго правно лице.

Член 79

Со парична казна од 200 до 2.000 динари ќе се казни за прекршок физичко лице ако:

1. лови, прогонува или вознемирува заштитен дивеч за време на ловостој, привремена или трајна забрана за ловење (член 13 став 2).

2. уништува младенчиња и расипува легла или седела, уништува седела и јајца од заштитен дивеч (член 19 став 1),

3. лови незаштитен дивеч спротивно на член 20,

4. лови, уништува седела и собира и уништува младенчиња и јајца од птици корисни за земјоделството и шумарството (член 21),

5. лови заштитен дивеч без дозвола (член 49),

6. лови на земјоделски земјишта спротивно на член 53,

7. лови спротивно на забраната од член 55,

8. врши ловење на незаштитен дивеч спротивно на член 56,

9. прогонува ранета дивеч во друго ловиште, спротивно на член 57,

10. се движи низ ловиштето со пушка и други средства за ловење без дозвола од организацијата што стопанисува со ловиштето (член 58),

11. уништува ловнотехнички објекти во ловиштето (член 59),

12. изнесува вредни трофеи од земјата спротивно на член 60,

13. не му го овозможува вршењето на овластувањата на ловочуварот и не му ги дава потребните податоци (член 68),

14. не му овозможува вршење на контрола на ловниот инспектор (член 75).

Член 80

Покрај паричната казна за сторен стопански престап или прекршок од член 77, став 1, точка 1, член 78, став 1, точка 3, 11, 14 и 19 и член 79, став 1, точка 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 10 и 12 од овој закон, ќе се изрече и заштитна мерка одземање на уловот односно трофејот како и предметите употребени за извршување на сторениот стопански престап односно прекршок.

Покрај паричната казна за сторен стопански престап од член 78, став 1, точка 3 од овој закон, ќе се изрече и мерка одземање на приходот што произлегол од стопанисувањето со непридржување за ловностопанската основа.

XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 81

Постојните ловишта ќе се сообразат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Законот.

На организацијата што не ќе постапи според претходниот став, надлежниот орган на управата на општината со решение ќе ѝ го забрани вршењето на стопанисување со ловиштето.

Член 82

Затечените ловочувари кои немаат завршено осумгодишно училиште можат да ја вршат и понатаму должноста на ловочувар, до колку ги исполнуваат другите услови предвидени со овој закон.

Член 83

Одредбите на член 55, точка 5, по однос на ловечките кучиња кои немаат педигре-родовник. ќе се применуваат по истекот на 3 години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 84

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за ловство („Службен весник на СРМ" број 5/67).

Упатството за легитимација на ловниот инспектор („Службен весник на СРМ" број 41/67) останува во сила.

Член 85

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

36.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за средното образование,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 29 јануари 1973 година.

Број 03-379
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за средното образование („Службен весник на СРМ" бр. 24/70, 29/70 и 39/71) во член 192, став 2 бројот „1972/73" се заменува со бројот „1974/75".

Во став 3 зборовите „секретар за образование, наука и култура" се заменуваат со зборовите „педагошки совет", а бројот „1972" се заменува со бројот „1974".

Член 2

Членот 200 се менува и гласи:

„Завршните испити во училиштата за средно образование ќе се полагаат според новите наставни планови и програми, почнувајќи од учебната 1976/77 година за учениците чие школување трае три години и од 1977/78 година за учениците чие школување трае четири години. До полагањето на завршниот испит според новите наставни планови и програми ќе се применуваат прописите што не се спротивни на одредбите на овој закон и тоа

— Правилникот за полагањето на завршниот испит во гимназијата („Службен весник на НРМ" број 3/60, 1/61 и 41/62).

— Правилникот за полагањето на завршниот испит во учителските школи („Службен весник на НРМ" број 1/61 и 41/62),

— Правилникот за полагањето на завршниот испит во техничките и другите стручни училишта за стопанството и јавните служби („Службен весник на НРМ" број 1/61 и 41/62),

— Правилникот за полагањето на завршниот испит во училиштата за квалификувани и висококвалификувани работници („Службен весник на НРМ" број 1/61 и 41/62).

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

37.

Врз основа на член 23 од Посебниот општествен договор за критериумите и мерилата за усогласување на надоместокот на личен доход и на примањата на пратениците и функционерите што ги избираат или именуваат Собранието, општествено-политичките организации и Стопанската комора на Македонија, склучен на ден 8 декември 1972 година, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД И ТРОШОЦИТЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА И ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Функцијата на пратеник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Собрание) е почесна општествена функција и се врши, по правило, без награда.

Член 2

Пратеник кој, за деновите поминати на работа во телата на Собранието чиј е член или во вршењето на работи по одлука на телата на Собранието, не остварува личен доход на своето работно место во работна или друга организација или во државен орган или не остварува личен доход од самостојна дејност, има право на надоместок на загубениот личен доход.

Член 3

Пратеник на Републичкиот собор на Собранието кој, поради работа во Собранието не остварува личен доход во работна или друга организација или ќе престане да врши самостојна дејност, има право на надоместок на личниот доход во постојан месечен износ.

Член 4

Функционерите определени со оваа одлука, што ги избира и именува Собранието односно претседателот на Собранието (функционери), имаат право на надоместок на личен доход во постојан месечен износ.

Член 5

Пратениците и функционерите имаат право на надоместок на трошоците во врска со вршењето на функцијата утврдени со оваа одлука.

Член 6

Правата утврдени со оваа одлука им припаѓаат на пратениците од денот на верификацијата на мандатот до крајот на месецот во кој им престанал пратеничкиот мандат, а на функционерите од денот на изборот односно именувањето до крајот на месецот во кој се разрешени од функцијата.

Член 7

Надоместокот на личен доход и трошоците за пратениците и функционерите во Собранието се обезбедуваат од средствата за работа на Собранието, а надоместокот на личен доход и трошоците за другите функционери од средствата за работа на органот односно организацијата во која функционерот ја врши функцијата.

Член 8

Правата што според позитивните прописи се здобиваат врз основа на работен однос, ги имаат и пратениците и функционерите што примаат надоместок на личен доход според одредбите на оваа одлука.

На надоместокот на личен доход се плаќа данок како и на личниот доход од работен однос.

II. НАДОМЕСТОК НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ

Член 9

Пратеникот од член 3 на оваа одлука има право на надоместок на личен доход во износ на просечниот личен доход што го остварил во последните 12 месеци пред изборот.

Пратеникот од член 3 на оваа одлука кој, поради работа на Собранието, ќе престане да врши самостојна дејност, има право на надоместок на личен доход во висина која одговара на месечниот износ на даночната основица, утврдена во последната календарска година.

Износот на надоместокот на личен доход на пратеникот од член 3 на оваа одлука не може да биде понизок од износот што ќе се добие кога просечниот личен доход во Републиката во 1971 година ќе се помножи со коефициентот 2,36.

Пратеникот од член 3 на оваа одлука, кој остварува личен доход од работен однос во работна или друга организација или од вршење на самостојна дејност во понизок износ од износот на надоместокот на личен доход утврден со овој член, има право на надоместок на разликата меѓу износот на личниот доход што го остварува на работното место и износот на надоместокот на личен доход утврден со оваа одлука.

Член 10

Право на надоместок на личен доход имаат функционерите од член 4 на оваа одлука кои, поради вршењето на функцијата, не остваруваат личен доход во работна или друга организација или во државен орган или ќе престанат да вршат самостојна дејност.

Член 11

Функционерите од член 10 на оваа одлука имаат право на надоместок на личен доход во износ утврден на начинот од член 9, став 1 и 2 на оваа одлука.

Износот на надоместокот на личен доход на функционерите може да биде и помал од износот на надоместокот предвиден според претходниот став, но не помал од надоместокот на личниот доход утврден за таа функција според одредбите на оваа одлука.

Член 12

Функционерите кои според одредбите на оваа одлука имаат право на надоместок на личен доход во постојан месечен износ, ако по изборот односно именувањето остваруваат личен доход во работна или друга организација односно ако вршат самостојна дејност, имаат право на надоместок за вршење на функцијата во висина на разликата меѓу личниот доход што го остварува на постојаното работно место и надоместокот на личниот доход утврден со оваа одлука за функцијата на која се наоѓаат.

На функционерите од претходниот став, ако е тоа поповолно за нив, им се исплатува надоместок во износ од 500 динари месечно.

Член 13

Надоместокот на личен доход на функционерите во смисла на член 11, став 2 од оваа одлука, се утврдува кога просечниот личен доход во Републиката во 1971 година, ќе се помножи со соодветниот коефициент и тоа за:

1. претседателот на Собранието и претседателот на Извршниот совет — — — 5

2. претседателот на Уставниот суд на Македонија, потпретседателите на Собранието, потпретседателите на Извршниот совет и претседателите на соборите на Собранието — 4,36

3. членовите на Извршниот совет, потпретседателот на Републичкиот собор, претседателите на постојаните комисии на Собранието и постојаните одбори и комисии на Републичкиот собор, судиите на Уставниот суд на Македонија, претседателот на Врховниот суд на Македонија, командантот на Главниот штаб за народна одбрана на СРМ, секретарот на Собранието, секретарот на Извршниот совет, директорите на републичките заводи, претседателите на комитетите, претседателите на републичките комисии и републичкиот јавен обвинител — — — — 3,65

4. претседателот на Вишиот стопански суд Скопје, и републичкиот јавен правобранител 3,38

5. замениците републички секретари, потпретседателите на републичките комитети и комисии и замениците директори на републичките заводи што ги избира и именува Собранието, секретарите на соборите, секретарите на комисиите на Собранието и на републичките комисии што на таа функција ги избира или именува Собранието, судиите на Врховниот суд и Вишиот стопански суд, советниците на Собранието и шефот на Кабинетот на претседателот на Собранието, претседателот на Републичкиот совет за прекршоци, претседателот на окружен суд и претседателот на окружен стопанскис уд — — — — 3,24

6. судија на Републичкиот совет за прекршоци, судија на окружен и окружен стопански суд — — — — — — — — — 2,79

Член 14

Право на надоместок на личен доход во смисла на член 13, точка 3 од оваа одлука имаат:

1) претседателите на следните постојани комисии на Собранието:

— Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

— Комисијата за општествен надзор,

— Комисијата за преставки и поплаки,

— Законодавно-правната комисија,

— Административната комисија,

— Комисијата за прашања на односите со странство,

— Комисијата за меѓунационални односи.

2) претседателите на следните постојани одбори и комисии на Републичкиот собор на Собранието:

— Одборот за општествено-економски односи,

— Одборот за општествено-политички систем и народна одбрана,

— Одборот за општествен план и финансии,

— Одборот за буџет и фондови,

— Одборот за индустрија, градежништво и сообраќај,

— Одборот за земјоделство и шумарство,

— Одборот за стоков промет, угостителство и туризам,

— Одборот за просвета, наука и култура,

— Одборот за социјално-здравствени прашања,

— Одборот за труд и трудови односи,

— Одборот за урбанизам, станбени и комунални прашања,

— Мандатно-имунитетната комисија.

Член 15

Надоместокот на личен доход утврден според претходните членови од оваа одлука се зголемува соодветно со зголемувањето на просечните животни трошоци во Републиката во текот на годината.

Зголемувањето на надоместокот на личен доход според претходниот став може да биде и во помал процент во смисла на член 7 од Посебниот општествен договор.

Член 16

Надоместокот на личен доход утврден според член 9, став 3 и според член 13 од оваа одлука, се зголемува по основ на порастот на просечниот реален личен доход во Републиката во текот на годината во износ определен согласно со член 8 од Посебниот општествен договор.

Член 17

Надоместокот на личен доход утврден според одредбите на оваа одлука се намалува со процентот на смаленият просечен реален личен доход во Републиката во текот на годината во однос на претходната година.

III. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ

Член 18

Пратеникот има право на надоместок на трошоците во врска со вршењето на пратеничката функција во изборната единица во која е избран во износ од 400 динари.

Пратеничкиот паушал се исплатува месечно однапред.

Член 19

Пратеникот има право на надоместок на трошоците за деновите поминати надвор од местото на постојаното живеење поради учеството во работата на телата на Собранието чиј е член или поради вршење на работа по одлука на телата на Собранието.

Функционерите од член 13 на оваа одлука имаат право на надоместок на трошоците за вршење на службена работа надвор од местото на постојаното живеење.

Надоместокот на трошоците од став 1 и 2 на овој член се определува во вид на дневница.

Висината на дневницата за службени патувања во земјата и во странство ја утврдува Административната комисија на Собранието (Административна комисија).

Член 20

Собранието на пратениците и на членовите на Извршниот совет им обезбедува бесплатен превоз во железничкиот и патниот јавен сообраќај во Републиката во сите правци и за неограничен број патувања.

Пратениците и функционерите од член 13 на оваа одлука имаат право на надоместок на трошоците за превоз во јавниот сообраќај, како и право на надоместок на трошоците за користење на авион и кола за спиење на железница при патување надвор од Републиката, преземено заради вршење на службена работа по одлука на телата на Собранието.

Член 21

Пратениците од член 3 и функционерите од член 13 на оваа одлука, кои според одредбите на оваа одлука примаат надоместок на личен доход во постојан месечен износ, имаат право на надоместок за користење на годишен одмор.

Висината на надоместокот од став 1 на овој член и начинот на исплатувањето ги утврдува Административната комисија.

Член 22

Пратениците и функционерите од член 13 на оваа одлука имаат право на надоместок на трошоците за користење на патнички автомобили во лична сопственост при патување преземено заради

вршење на службена работа по одлука на телата на Собранието, во износ на патните трошоци на кои имаат право според член 20, став 2 од оваа одлука.

Член 23

Функционерите од член 13 на оваа одлука имаат право на надоместок на стварните трошоци за селидба од поранешното место на постојано живеење до Скопје.

Член 24

Функционерите од член 13 на оваа одлука, што живеат одвоено од своето семејство, имаат право на надоместок на трошоците за одвоениот живот до 1.000 динари.

Административната комисија ја утврдува висината на надоместокот и дава објаснениија во врска со примената на став 1 од овој член.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 25

Се овластува Административната комисија да ги утврди видовите, висината и начинот на исплатување на надоместоците на членовите на работните тела на Собранието и на неговите собори, избрани од редот на научните, стручните и јавните работници.

Член 26

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одлуките на Собранието за надоместоците и другите примања на пратениците и функционерите што ги избира или именува Собранието.

Член 27

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 февруари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-325
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

38.

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ", бр. 16/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ОШТЕТЕН ВИД — СКОПЈЕ

I. За членови во Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид — Скопје, се именуваат:

1. д-р САВИЦА ЈАНЕВА, лекар во Клиниката за очни болести при Медицинскиот факултет — Скопје;

2. БЛАШКА СТЕФАНОВСКА, дефектолог во Центарот за социјална работа — Скопје;

3. ЃОРЃИ ЧУРЛИНОВ, правник во Републичката заедница за инвалидско осигурување;

4. КИРО ПОПОВСКИ, инструктор во Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје; и

5. КРУМЕ ЈАЌОСКИ, на работа во Републичкиот секретаријат за образование и наука — Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-316
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

39.

Врз основа на член 60, став 1 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР

1. Се разрешува Киро Ефремов од секретар на Социјално-здравствениот собор.

2. Се именува Вера Димитрова за секретар на Социјално-здравствениот собор.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-328
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

40.

Врз основа на член 50, став 3 од Законот за здравството („Службен весник на СРМ" бр. 20/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА СПЕЦИЈАЛНАТА БОЛНИЦА ЗА КОСТНО-ЗГЛОБНА ТУБЕРКУЛОЗА — ОХРИД

I. За членови на Советот на Специјалната болница за костно-зглобна туберкулоза — Охрид, се именуваат:

1. д-р Ѓорѓи Неговоров, микро-биолог во Медицинскиот центар — Охрид,

2. Керам Пашоли, лекар од Дебар,

3. Ристо Стефановски, правник во Филијалата на Заедницата на здравственото осигурување — Струга,

4. Наум Целаковски, професор од Охрид,

5. Јанко Митрески, економист во СОК — Охрид, и

6. д-р Јован Јовановски, специјалист по интерна медицина во Медицинскиот центар — Струга.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-323
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

41.

Врз основа на член 64, став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 16/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРАШАЊА — СКОПЈЕ

I. За членови на Советот на Републичкиот завод за социјални прашања се именуваат:

1. Синева Јовева, психолог во Основното специјално училиште „Златан Сремац" — Скопје,

2. Аго Ариф, предавач во Педагошката академија — Скопје,

3. Џемаил Османи, судија во Општинскиот суд, Куманово,

4. Зоге Груевски, член на Републичката конференција на ССРНМ, и

5. Аница Божинова, социјален работник во Центарот за социјална работа — Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-324
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

42.

Врз основа на член 64, став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 16/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС — СКОПЈЕ

I. За членови во Советот на Центарот за слух, говор и глас — Скопје, се именуваат:

1. д-р Саво Марковиќ, лекар во Медицинскиот центар — Тетово,

2. Герослав Геровски, судија во Вишиот стопански суд — Скопје,

3. Зоран Стрезовски, член на Претседателството на РК на СММ — Скопје,

4. д-р Јово Гавриловски, член во Републичката заедница за инвалидско осигурување — Скопје,

5. Велимир Ивановски, политички работник во Републичката конференција на Сојузот на синдикатите на Македонија, и

6. Магдалена Костова, на работа во Градскиот одбор на Сојузот на глувите.

II. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-317
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

43.

Врз основа на член 50, став 3 од Законот за здравството („Службен весник на СРМ" бр. 20/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА СПЕЦИЈАЛНАТА БОЛНИЦА ЗА БЕЛОДРОБНА ТУБЕРКУЛОЗА ВО ЈАСЕНОВО

1. За член на Советот на Специјалната болница за белодробна туберкулоза — Јасеново се именува Ѓоре Петровски, пом. директор на Медицинскиот центар — Т. Велес.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-318
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

44.

Врз основа на член 19 од Законот за судовите од општа надлежност („Службен весник на СРМ" бр. 42/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ВО ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ

I. За судии во Окружниот суд во Скопје се избираат:

1. Душанка Радулова,
2. Надица Калевска,
3. Никола Попов, и
4. Зорка Божиновска.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-315
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

45.

Врз основа на член 50, став 3 од Законот за здравството („Службен весник на СРМ" бр. 20/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА БОЛНИЦАТА ЗА ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ — ДЕМИР ХИСАР

I. За членови во Советот на Болницата за душевни болести — Демир Хисар, се именуваат:

1. д-р Јане Димулковски, специјалист по неуропсихијатрија во Медицинскиот центар — Битола, и
2. Деса Алексова, дефектолог во Центарот за слух, говор и глас — Скопје, депанданс — Битола.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-319
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

46.

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за наградата на Антифашистичкото веќе на Народното ослободување на Југославија („Службен лист на СФРЈ" бр. 59/72), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА НАГРАДАТА НА АНТИФАШИСТИЧКОТО ВЕЌЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

I. Во Одборот за Наградата на Антифашистичкото веќе на Народното ослободување на Југославија се избираат:

1. Киро Хаџи Василев, пратеник на Соборот на народите на Сојузната скупштина,
2. Драги Тозија, претседател на Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ, и
3. Иван Петров, професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-314
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

47.

Врз основа на член 50, став 3 од Законот за здравството („Службен весник на СРМ" бр. 20/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА БОЛНИЦАТА ЗА НЕРВНИ И ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ — БАРДОВЦИ

I. За членови во Советот на Болницата за нервни и душевни болести — Бардовци, се именуваат:

1. Гоче Костадиновски, социјален работник во Центарот за социјални работи во Скопје,
2. д-р Даринка Него, стоматолог во Стоматолошката клиника на Медицинскиот факултет — Скопје,
3. Александар Христов, референт по кадровски прашања во Здравствениот дом — Скопје,
4. Петар Марковски, потпретседател на Конференцијата за резервни воени старешини во Скопје,
5. д-р Љубиша Новотни, неуропсихијатар во Клиниката за неуропсихијатриски болести во Скопје, и
6. д-р Василије Павловиќ, сан. п. полковник во Воената болница — Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-320
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

48.

Врз основа на член 50, став 3 од Законот за здравството („Службен весник на СРМ" бр. 20/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — СКОПЈЕ

I. За членови на Советот на Заводот за здравствена заштита — Скопје, се именуваат:

1. Ѓуладин Ѓуладинов, дипл. правник, на работа во Медицинскиот центар — Охрид,

2. Кирил Симоновски, дипл. економист, на работа во Заводот за станбено и комунално стопанисување — Скопје,

3. д-р Асен Шаин, лекар-специјалист по инфективни заболувања во Клиниката за инфективни заболувања на Медицинскиот факултет — Скопје,

4. Вера Терзиева, дипл. правник, на работа во Републичкиот секретаријат за законодавство и организација,

5. д-р Ѕвезде Серафимовски, специјалист-епидемиолог, директор на Медицинскиот центар — Гостивар, и

6. д-р Трајко Петров, сан. п. полковник — специјалист по хигиена во Воената болница — Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-322
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

49.

Врз основа на член 50, став 3 од Законот за здравството („Службен весник на СРМ" бр. 20/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 јануари 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 јануари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ТУБЕРКУЛОЗА НА СР МАКЕДОНИЈА

I. За членови на Советот на Институтот за туберкулоза на СРМ — Скопје, се именуваат:

1. Славе Трајковски, член на Сојузот на здружението на боречките организации на борците од НОВ за Македонија,

2. Кузман Бужаровски, директор на Општиот и кадровскиот сектор во „Технометал-Македонија",

3. проф. д-р Љубомир Котевски, професор на Медицинскиот факултет — Скопје,

4. Даме Николовски, социјален работник во Центарот за социјална работа — Скопје, и

5. д-р Спасија Зојчевска, лекар специјалист-фтизиолог во Здравствениот дом — Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-321
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

50

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Републичкиот собор и Соборот на општините, одржани на 29 јануари 1973 година, по претресот на материјалите: „Функционирање на судовите и јавните обвинителства и ефикасност во нивното работење", „Остварување на функцијата на правосудните органи за следење на општествените односи и појави од интерес за заштита и јакнење на законитоста" и „Информацијата за движењето на криминалитетот и казнената политика на судовите во СР Македонија", а врз основа на член 275, став 4 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, ги донесе следните

ЗАКЛУЧОЦИ

Разгледувајќи ги актуелните проблеми на правосудството, а поаѓајќи од ставовите на 21-та седница на Претседателството на СКЈ, Писмото на Претседателот на СКЈ и Извршното биро на Претседателството на СКЈ, врз основа на поднесените материјали и претресот по нив, се констатира дека:

— правосудните органи, во рамките на постојните услови, во основа успешно ја остваруваат својата функција. Меѓутоа, и покрај ваквиот успех, постојат определени проблеми и недостатоци во нивната работа што се резултат на одделни појави во нив, како и појави што произлегуваат од динамичниот развој на општествената заедница;

— неажурноста на правосудните органи, и постоењето на мошне голем број предмети што постојано се зголемува е основен проблем во нивната работа, посебно кај судовите, што придонесува за недоволната ефикасност како во поглед на заштитата на правниот поредок, така и во поглед на казнената политика на судовите. Причините за ова се големиот број непополнети работни места во правосудните органи со стручен кадар, постојаното зголемување на приливот на нови предмети и слично;

— казнената политика на судовите во Републиката не секогаш била адекватна на општествената опасност на кривичните дела и интензитетот на нападот врз општествените добра;

— во остварувањето на функцијата за следење на општествените односи и појави од интерес за заштитата и јакнењето на законитоста правосудните органи досега не одговорија во потребната мера на својата уставна обврска. Причините за ваквите пропусти лежат не само во преоптовареноста на судовите со конкретни предмети, туку и во ненавикнатоста на овој облик на судска работа, недоволното сфаќање на неговото значење и корисност, како и во неизграденоста на методот на евидентирање и следење на општествените појави забележани во судската работа.

Врз основа на изложеното потребно е:

1. Со оглед на особеното значење и влијание на казнената политика врз спречувањето на општествено опасните и штетни појави и во заштитата на општествените интереси и интересите на граѓаните, казнената политика да се сообрази со општествената опасност на казнивите дејства со актуелните општествени односи и појави. Од овој аспект судовите треба во сегашните услови да му посветат посебно внимание на сообразувањето на казнената политика со тежината на политичките деликти, стопанскиот криминал и другите кривични дела со кои се загрозуваат основите на општественото уредување. За решавањето на проблемот на неадекватната казнена политика на некои општински судови за одделни видови кривични дела и за појавите на толерантност и девијации во овој поглед во нив, нужно е поактивно ангажирање на повисоките судови, јавните обвинителства, општинските собранија и другите општествено политички фактори, кои треба да преземаат ефикасни мерки за надминување на овие недостатоци.

Во настојувањето за сообразување на казнената политика со општествената опасност на кривичните дела, од посебно значење е улогата на повисоките судови кои треба да ја изедначуваат казнената политика во Републиката во мера која е неопходна за нејзиното поефикасно дејствување во спречувањето и отстранувањето на општествено опасните и штетните појави и за еднаков третман на граѓаните во нивната одговорност за противзаконските дејства.

Заради поефикасно влијание на казнената политика во целина, од посебно значење е и адекватната примена на мерките на безбедност и на споредните казни. Овие казни во изминатиот период не биле изрекувани и во некои случаи кога тоа било нужно и целисходно, поради што судовите треба да му посветат поголемо внимание на овој елемент на казнената политика.

Со цел да се забрза решавањето на постојните проблеми во работата на општинските судови и да се обезбеди поголема ефикасност во нивното дејствување и во примената на казнената политика, потребно е општинските собранија редовно и систематски да ја следат и разгледуваат работата на општинските судови и нивната казнена политика.

2. На кадровската проблематика на судовите и наградувањето на судиите, посебно на општинските судови, надлежните републички и општински органи и другите општествени фактори во Републиката и во општините да им обрнат посебно внимание и активно да се ангажираат за решавање на постојните проблеми и за пополнување на општинските судови со потребниот број судии и други стручни кадри. Нужно е ефикасно ангажирање на Републичкиот секретаријат за правосудство во чие дејствување овие прашања треба да заземаат централно место. За таа цел е неопходно Републичкиот секретаријат за правосудство да воспостави контакти и соработка со општинските собранија за пополнување на упразнетите судиски места во општинските судови, особено во оние во кои овој проблем е мошне изразит и акутен. Притоа, посебно треба да се согледаат причините за недоволниот интерес односно за честиот одлив на судскиот кадар и да се преземаат ефикасни мерки за решавање на овој проблем.

Поаѓајќи од посебното значење на положбата и улогата на судовите во нашиот општествено-политички систем, неопходно е при изборот на судии да им се посветува особено внимание како на стручните, така и на морално-политичките квалитети на кандидатите.

3. Правосудните органи целосно и редовно да ја остварува својата уставна обврска за следење и проучување на општествените односи и појави од интерес за остварувањето на своите функции и да даваат предлози за спречување на општествено опасните и штетните појави и за зацврстување на законитоста, како и да ги известуваат собранијата за примената на законите и за проблемите од нивната работа. За извршување на оваа обврска на правосудните органи треба да се ангажираат и општинските собранија и да бараат од нив редовно да ги известуваат за овие прашања.

4. Правосудните органи повеќе да се отворат спрема самоуправните и другите органи на општествено-политичките заедници, да им укажуваат на одредени актуелни проблеми од своето работење и да предлагаат соодветни мерки.

5. Со оглед на состојбите секој суд критички да ја анализира својата работа, да ја преиспита досегашната и постојано да ја следи својата казнена политика, како и примената на законите, да ја согледа состојбата и причините за евентуално долго траење на постапката и неажурноста, да ја разгледа организацијата на работата во судот, да ги согледа слабостите и тешкотиите од објективна и субјективна природа со својата работа, како и да ги преземе потребните мерки за да може состојбата во најголема можна мера да се подобри и унапреди. За другите проблеми што не ќе можат сами да ги решат, судовите треба да ги известат надлежните органи и да им предложат мерки за да можат забележаните тешкотии да се надминат.

6. Извршниот совет да ја преиспита организационата поставеност на окружниот суд во Скопје и да предложи соодветно решение.

7. Заклучоците, заедно со материјалите, да им се достават на општинските собранија и правосудните органи.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 03-335/1
29 јануари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

51.

Врз основа на член 274, став 3 од Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ", бр 39/72), републичкиот секретар за финансии донесува

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА ЕВИДЕНТИРАЊЕТО НА СМЕТКИТЕ ОДНОСНО ПОТВРДИТЕ И ЗА НАПЛАТАТА НА СТАСАНИОТ ДАНОК, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА ИСПЛАТАТА

1. Во точката 1 под П — „Отворање на жиро сметки" од Наредбата за начинот на евидентирање на сметките односно потврдите и за наплатата на стасаниот данок, како и за начинот на исплатата („Службен весник на СРМ" бр. 2/73), точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите:

„освен даночните обврзници кои во текот на една календарска година ќе остварат приход од една или повеќе организации на здружениот труд, и други организации, државни органи и од приватно-правни лица под 1.000 динари".

2. По точката 1 под П „отворање на жиро сметки", се додава нова точка 1-а која гласи:

„1а. Приходите остварени од вршење на стопанска и нестопанска дејност од точката 4 под I. „Евидентирање на сметките односно потврдите", од оваа наредба, што не подлежат на евидентирање, на даночните обврзници ќе им се исплатуваат непосредно, а не преку жиро сметка."

3. Во точката 1 став 2 и во точката 2 под Ш „казнени одредби", износот од „3.000" се заменува со „2.000".

4. Оваа наредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Дел. бр. 08-320/1
9 февруари 1973 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
Андон Макрадули, с. р.

Оiласен дел

РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 31. III. 1972 година, рег. бр. 32/65 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Божидар Попоски, директор на Дневниот детски дом „Наша иднина" — Прилеп.

Се овластува Ѓуровски Стојан, в.д. директор, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 26/72. (736)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 703, страна 1001, книга III е запишано следното: Согласно со решенијата бр. 02-612/1 и 02-613/1 од 11. IV. 1972 година на Собранието на општината Македонски Брод од Централното основно училиште „Единство" Македонски Брод се издвојува Осумгодишното основно училиште со седиште во село Самоков и подрачните училишта во селата: Брест, Звечан, Бенче, Рамне, Лупште и Зркле.

Издвоеното училиште ќе работи под фирма: Централно основно училиште „Браќа Миладинови" село Самоков, Македонски Брод, со подрачните училишта во селата Брест, Звечан, Бенче, Рамне, Лупште и Зркле. Предмет на работењето на училиштето е пружање општо основно образование и воспитување.

Училиштето е основано од Собранието на општината Македонски Брод, согласно со горенаведените решенија.

Училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Златески Златомир, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 44 од 15. V. 1972 година. (777)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 383, страна 410, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник на Гинеколошко-акушерската клиника при Медицинскиот факултет — Скопје, д-р Александар Чакмаков, му престанува правото за потпишување.

За директор на клиниката е назначен професор Шукаров Др. Љубомир, кој истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Цонка Лукарева, пом. директор и Веска Ристиќ, шеф на сметководството.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 17 од 17. V. 1972 година. (811)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 234, страна 1160, книга I е запишано следното: Покрај в.д. директорот Велевски Велко Никола, Основното училиште „Коста Рацин" од село Брвеница, согласно со одлуката на советот на работната заедница, ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Веселиновска Анѓа, секретар, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 43 од 25. V. 1972 година. (814)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 131, страна 746, книга I е запишано следното: Фирмата на Основното училиште „Кирил и Методи", село Кучково, согласно со одлуката бр. 112 од 16. III. 1972 година на советот на работната заедница на училиштето, од одржаната седница на 16. III. 1972 година се менува и ќе гласи: Централно основно училиште „Јоаким Крчоски", село Кучково, Скопско.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 65 од 21. VI. 1972 година. (925)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 519, страна 121, книга III, е запишано следното: На досегашниот потписник на Основното училиште „Ристески Ристо", село Долно Косоврасти, Дебарско, Ивановски Милош, в.д. директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со одлуката бр. 02-84/1 од 27. III. 1972 година.

За в.д. директор на споменатото училиште е назначен со истата одлука Рецо Абедин Муслиоски, кој истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 9. V. 1972 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 55 од 26. VI. 1972 година. (964)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 25, страна 106, книга I е запишано следното: Досегашниот в.д. директор на Управата за пазари „Пазаришта" — Куманово, Стефановски Ванчо, е назначен за директор со решението бр. 249 од 24. XII. 1971 година и како таков ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Управата за пазари „Пазаришта" — Куманово, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Петрушевски Б. Доце, шеф на сметководството, сметано од 17. V. 1972 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 64 од 26. VI. 1972 година. (965)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 223, страна 1115, книга I е запишано следното: На вршителот на должноста директор на Музејот на град Скопје, Драган Петковски, му престанува правото на потпишување поради разрешување од должност.

За директор на гореозначената установа, согласно со одлуката бр. 02-192/2 од 24. IV. 1972 година на работната заедница се именува Георгиевски Кузман, кој установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 54 од 26. VI. 1972 година. (963)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 180, страна 944, книга I е запишано следното: Досегашниот директор на Метало-преработувачкото училиште за ученици во стопанството „Коце Металец" — Скопје, Петар Урунов, согласно со одлуката бр. 03-1775 од 24. III. 1971 година на советот на работната заедница се разрешува од должност.

За директор на гореозначената установа, согласно со одлуката бр. 04-151 од 24. XI. 1971 година се назначува Јованов Диме, кој установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, заедно со стариот потписник Јелена Димова сега Јаковлевиќ, книговодител.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 78 од 26. VI. 1972 година. (969)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 363, страна 489, книга П е запишано следното: На досегашниот потписник на Основното училиште „Гоце Делчев", с. Љубанци, Скопско, Кочев Димитар, согласно со решението бр. 0201-109 од 30. V. 1972 г. на советот на работната заедница, му престанува правото на потпишување, поради разрешување од должноста директор.

За в.д. директор на гореозначената установа, согласно со решението бр. 0201-110 од 30. V. 1972 година на советот на работната заедница, се назначува Попова Фанка, која училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 73 од 28. VI. 1972 година. (1020)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 170, страна 942, книга I, е запишано следното: Предметот на работењето на Заводот за унапредување на стопанството во СРМ — Скопје, согласно со одлуката бр. 06-862 од 17. Ш. 1972 година на работничкиот совет, се проширува со следнава дејност: организирање, изведување и уредување на сајмови, изложби и модни ревии.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 50 од 27. VI. 1972 година. (1021)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 609, страна 777, книга Ш е запишано следното: Досегашниот директор на Институтот за национална историја — Скопје, Михаило Апостолски, е разрешен од должност.

За директор на Институтот е назначен со решението на Извршниот совет на СРМ, бр. 15-2233/4 од 9. XI. 1970 година Глигор Тодоровски, кој Институтот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Пандора Матлиева и Душко Симоновски, сметано од 1. X. 1971 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

На досегашните потписници Бадер Емилија и Кушев Петар им престанува правото за потпишување, со решението бр. 03-792 од 1. X. 1971 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 126 од 30. VI. 1972 година. (1022)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 309, страна 265, книга П е запишано следното: На досегашниот потписник на Училиштето за санитарни техничари — Скопје, Душанка Коцевска, директор, ѝ престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешена од должност со решението бр. 04-408 од 30. XII. 1971 година на работната заедница.

За в.д. директор на училиштето е назначен, со одлуката бр. 04-145 од 3. VII. 1972 година на советот на работната заедница, Стрезовски Благоја, кој истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Дивна Сечкова, секретар, сметано од 10. VII. 1972 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 94 од 13. VII. 1972 година. (1079)

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителката Темелкова Делфина, застапувана од нејзината мајка Антиќ Талија, од Титов Велес, против тужениот Темелков Тодор, со непознато место на живеење, за утврдување на татковство.

Се повикува тужениот Темелков Тодор да се јави во судот или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе му се определи старател кој ќе го застапува до завршувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1119/71. (7)

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор од тужителот Ајдин Амза Сулејман, од Скопје, против тужената Ајша Дерала, вдовица на Абдураман Иљаз, од Скопје, со непознато место на живеење, а порано живеела на ул. „158" бр. 18, за исполнување на договор за купопродажба на недвижен имот.

Се повикува тужената Ајша Дерала, вдовица на Абдураман Иљаз, од Скопје, да се јави на овој суд или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно судот ќе определи старател кој ќе ја застапува до завршувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 259/72. (8)

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителот Исни Таири, од Скопје, ул. „Волтерова" бр. 24, населба Драчево, против тужената Таири Магдалена, со непознато место на живеење, за развод на брак. Вредност на спорот 2.000,00 динари.

Се повикува тужената Таири Магдалена во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави лично во судот или да ја достави својата точна адреса.

Доколку во определениот рок не се јави, на тужената ќе ѝ се определи старател, кој ќе се грижи за нејзините права и обврски по овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 163/72. (11)

ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Стојчевска Виолета, од село Суводол, Битолско, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Стојчевски Ицо, од село Мегленци, сега со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот Ицо е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој затстапник. Во спротивно ќе му биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 48/73. (9)

Трајанка Сливароска, од Прилеп, ул. „Борка Талески" бр. 63, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Ристе Бимишовски, со непознато место на живеење.

Бидејќи тужениот Ристе е во неизвесност истиот се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно, на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 657/72. (12)

Лимани Зинета од Бродарево, СО Пријепоље, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Лимани Миљаим од с. Житоше, Крушево, сега со непознато место на живеење.

Бидејќи тужениот Миљаим е во неизвесност, истиот се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно, на истиот ќе му биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 548/72. (13)

ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Сабатије Мехмедова, од Штип, ул. „Сремска" бр. 46, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против тужениот Ремзи Ајрушов од Кочани, а сега во неизвесност.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот се непознати се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави на овој суд или да определи свој застапник. Во противно судот, по службена должност, го определува за застапник Љубе Николов, приправник во Окружниот суд — Штип, и делото ќе се суди во отсутност на тужениот.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 169/72. (10)

Соколов Бранко, од Св. Николе, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против тужената Соколова Аница, од Св. Николе, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената се непознати се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го определува за застапник Николов Љупчо, приправник во Окружниот суд во Штип и делото ќе се разгледа во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 547/72. (5)

Гошева Стојанка, од село Мустафино, Општина Св. Николе, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Гошев Добре од село Богословец, а сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот се непознати се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави или да определи свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го определува за застапник Николов Љупчо, приправник во Окружниот суд во Штип и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 512/72. (6)

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I

По правната работа на Трајанка Тасевска, од Скопје, против Дамјан Илиев, сега со непознато место на живеење, за утврдување на правото на сопственост заведен е предмет под П. бр. 3031/72 година. На тужениот Дамјан Илиев поставен му е привремен старател, со решението на Центарот за социјални работи на град Скопје Р. бр. 05-4790 од 1. XII. 1972 година, а за привремен старател му е поставен Борис Георгиевски, адвокат од Скопје, ул. „464" бр. 5. Привременоит застапник ќе го застапува тужениот сè додека тужениот или неговиот полномошник не се јават пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I, П. бр. 3031/72. (4)

КОНКУРСИ

Врз основа на член 65 до 78 од статутот на работната заедница Прва занаетчиска задруга „А Т О М" — Скопје,

распишува

К О Н К У Р С

за пополнување на следните работни места и тоа:

1. Директор на задругата — реизбор
2. Технички раководител — избор
3. Благајник-администратор — избор

Услови за директор на задругата:

а) висока стручна подготовка — машински факултет со седум години работен стаж во струката, од кои 5 години на раководно место;

б) средна стручна подготовка — машински техничар со 10 години работен стаж во струката, од кои 6 години на раководно место;

в) висококвалификуван градежен бравар со над 15 години работен стаж и најмалку 8 години на раководно работно место.

Услови за технички раководител:

а) висока стручна подготовка — машински факултет со 7 години работен стаж, од кои 5 год. на соодветно работно место;

б) средна стручна подготовка — машински или градежен техничар со над 10 години работен стаж, од кои 6 години на соодветно работно место;

в) висококвалификуван градежен бравар со над 15 години работен стаж, од кои 8 години на соодветно работно место.

Услови за благајник — администратор:

а) средна стручна подготовка — економски техникум со над 5 години работен стаж во струката, или

б) непотполна средна стручна подготовка — економски техникум со 10 години работен стаж во струката и да знае да води благајна, администрација и да пишува на машина.

Кандидатите со молбите треба да ги поднесат и следните документи:

— диплома за стручната подготовка,
— биографија за досегашната работа,
— работна книшка,
— согласност од работната организација каде што е на работа,
— уверение дека не е осудуван и дека не е под истрага,
— да не е од организација која е доведена под стечај.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Молбите се поднесуваат до конкурсната комисија на задругата „А Т О М" — Скопје, ул. „Козара" бр. 40.

Некомплетирани молби нема да се земаат во разгледување. (200)

Работната заедница на Градежно-занаетчиската задруга „ИДНИНА" — Скопје

распишува

К О Н К У Р С

за пополнување на работното место — директор на задругата (именување).

Кандидатите, покрај општите услови од ОЗРО, треба да ги исполнуваат и следните услови:

— да имаат висока стручна подготовка од економска или правна насока и три години работно искуство, средна стручна подготовка со 5 години работно искуство или висококвалификуван работник, градежно-занаетчиска насока и 10 години работно искуство.

Личниот доход според правилникот за распределба на личните доходи на задругата.

Молбите со препис од дипломата и кратка биографија за движењето во службата, се доставуваат во дирекцијата на задругата.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. (119)

Советот на Високата музичка школа во Скопје, врз основа на член 44 точка 10 од Законот за високото школство на СРМ,

распишува

КОНКУРС

за избор — преизбор на наставници и стручни соработници за музичките оддели:

1) Еден хонорарен наставник во сите звања по предметот Историја на уметноста (избор);

2) Еден хонорарен соработник или предавач по предметот Тромбон (преизбор);

3) Еден хонорарен соработник или предавач по предметот музички фолклор (преизбор);

4) Еден хонорарен соработник или предавач по предметот Удиралки;

5) Еден хонорарен наставник во сите звања по предметот методика на пијано.

На Одделот за драмски актери:

1) Еден постојан наставник во сите звања по предметот сценска реч.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите од Законот за високото школство на СРМ. Покрај пријавата, таксирана со еден динар, кандидатите да поднесат диплома за завршен факултет и кратка биографија.

Предност имаат кандидатите со објавени научни или стручни трудови, уметничка и педагошка дејност од својата специјалност.

Молбите со документи да се поднесат до Секретаријатот на ВМШ во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот. (118)

ФАРМАЦЕВТСКАТА ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА
„А Л К А Л О И Д“
Скопје

распишува

КОНКУРС

за пополнување на слободните работни места во Застапништвото на фирмата ШЕРИНГ-БЕРЛИН со седиште во Белград

1. **Директор на Застапништвото**

УСЛОВИ: Висока стручна подготовка, над 3 години работно искуство и знаење на еден странски јазик.

2. **Двајца стручни соработници на терен**

УСЛОВИ: Висока стручна подготовка, 1—4 години работно искуство, сопствено возило и возачка дозвола.

Конкурсот е отворен 5 (пет) дена од денот на објавувањето. Молбите со потребните документи по ОЗРО (диплома, документ за работен стаж и странски јазик) и куса биографија, се доставуваат до Општо-кадровскиот сектор на АЛКАЛОИД — Скопје, „Индустриска“ 12.

Некомплетираните документи нема да се разгледуваат. (201)

СОДРЖИНА

Страна

29. Закон за преземање на привремени мерки спрема организациите на здружен труд 121
30. Закон за односите на родителите и децата — — — — — — — — — — 123
31. Закон за старателство — — — — — 126
32. Закон за посвојување — — — — — 130
33. Закон за работењето на посебните организации на казнено-поправните установи — 132
34. Закон за гробиштата и гробовите на борците — — — — — — — — — — 133
35. Закон за ловство — — — — — — — 134
36. Закон за изменување на Законот за средното образование — — — — — — — 141
37. Одлука за надоместокот на личен доход и трошоците на пратениците и функционерите што ги избира и именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 142
38. Одлука за именување членови на Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид — Скопје — — 144
39. Одлука за разрешување и именување секретар на Социјално-здравствениот собор 144
40. Одлука за именување членови на Советот на Специјалната болница за костно-зглобна туберкулоза — Охрид — — — — 144
41. Одлука за именување членови на Советот на Републичкиот завод за социјални прашања — Скопје — — — — — — — 145
42. Одлука за именување членови на Советот на Центарот за слух, говор и глас — Скопје — — — — — — — — — — 145
43. Одлука за именување член на Советот на Специјалната болница за белодробна туберкулоза во Јасеново — — — — — — 146
44. Одлука за избор на судии на Окружниот суд во Скопје — — — — — — — 146
45. Одлука за именување членови на Советот на Болницата за душевни болести — Демир Хисар — — — — — — — — — — 146
46. Одлука за избор на членови во Одборот за Наградата на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија 146
47. Одлука за именување членови на Советот на Болницата за нервни и душевни болести — Бардовци — — — — — — — 146
48. Одлука за именување членови на Советот на Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје — — — — — — — 147
49. Одлука за именување членови на Советот на Институтот за туберкулоза на СР Македонија — — — — — — — — — — 147
50. Заклучоци на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, бр. 03-351/1 од 29 јануари 1973 — — — — — — 147
51. Наредба за изменување и дополнување на Наредбата за начинот на евидентирање на сметките односно потврдите и за наплатата на стасаниот данок, како и за начинот на исплатата — — — — — — — — 148

Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 401-1-16 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје